# СОДРЖИНА


*ДИВИДЕНДИ*

- **Исплата на дивиденда........................................................5**

*СМЕТКОВОДСТВО*

- **Чување и уништување на трговските книги и сметководствената документација..................................24**

*НЕСТОПАНСТВО*

- **Регрес за годишен одмор и додатоци од плата во јавниот сектор..............................................44**

*ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

- **Закон за вработување и работа на странци.......................53**

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- **Плати за месец Август 2021 година…....…......................63**

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- **Коефициент на МДБ за Јули 2021 година .........................84**
- **Коефициент на пораст на цените за Јуни 2021 година ..........................................................85**
- **Коефициент на пораст на цените за Јули 2021 година ..........................................................87**
- **Цени на гориво..............…...............................................89**
- **Курсни листи ..................................................................95**
- **Рокови за поднесување во Август 2021 година ...............102**

***ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ*....................................104**

# ДИВИДЕНДИ

*дипл.економист Ромео Костадинов*

## *ИСПЛАТА НА ДИВИДЕНДА*

***Дивидендата претставува дел од профитот на компанијата, што акционерот ја добива на основа на сопственоста на акциите, а чија висина се одредува на собрание на акционери, во зависност од остварениот финансиски резултат.***

***ВОВЕД***

Со одредбите од Законот за трговски друштва (“Службен весник на РМ” 28/04...215/2021), се регулира и правото на исплата на дивиденда, постапката и дополнителните обврски.

Појдовна точка за утврдување на право на дивиденда, претставува постигнатиот успех во работењето на трговското друштво, односно остварената добивка.

Акционерите се обидуваат да извлечат информации за квалитетот на фирмите од одлуките за исплата на дивиденди. Менаџерите во реалноста имаат подобри информации за работењето на фирмите од надворешните лица. Објавувањето повисоки дивиденди, најчесто води кон пораст на цените на акциите и обратно, објавувањето пониски дивиденди, предизвикува пад на цените на акциите на фирмите.

Тоа произлегува оттаму што менаџерите предлагаат повисоки дивиденди, само ако очекуваат стабилни добивки во иднина и поради тоа, пазарот на акции реагира поволно на веста за исплата на повисоки дивиденди. Имајќи предвид дека младите фирми што растат, по правило, не исплаќаат дивиденди, кај нив, одлуката за исплата на дивиденда сигнализира дека фирмата навлегла во фазата на зрелост.

Понекогаш, одлуката за исплата на дивиденда може да се сфати негативно и да доведе до пад на цената на акциите на фирмата. Тоа се случува ако фирмата нема поволни изгледи за инвестирање на добивката, поради што добивката им ја исплаќа на акционерите.

Компаниите настојуваат да одржат стабилност во исплатата на дивидендите, т.е избегнуваат големи промени во износот на дивидендата од еден до друг период. Причината за тоа е желбата на акционерите да добиваат стабилни приходи од акциите и оттука акционерските друштва ги исплаќаат вообичните износи на дивиденда, дури и во годините кога остваруваат помала добивка по оданочување.

Фирмите кои во последните 10 години постојано го зголемувале износот на дивидендите, се нарекуваат „дивидендни динама“ (*dividend dynamos*), додека оние фирми кои успевале да ги зголемуваат дивидендите во секоја од последните 25 години, се наречени „дивидендни аристократи“ (*dividend aristocrats*). Во оваа категорија влегуваат здравите, стабилни фирми, како „Мекдоналдс“ или „Кока Кола“.

## *1. ДИВИДЕНДИ*

Најзначајниот сегмент кај дивидендите, секако претставува донесувањето на Одлука за исплата, која не мора да е во пропорционален однос од позитивниот финансиски резултат, за цели на нејзина исплата.

Одлуката за исплата на дивидендата ја носи собранието (собирот на содружници кај ДОО) на акционерското друштво, на предлог на одборот на директори и тоа на истата седница на која се усвојува годишната сметка на друштвото. Меѓутоа, одлуката за распределба на дивидендата, може да се донесе и во друг период од годината.

Одлуката за распределба на дивидендата, без оглед на периодот на нејзино донесување, ги содржи следниве елементи:

- износ на дивидендата;
- начин на исплата и
- клучни датуми во постапката за исплата.

Износот на дивидендата, се искажува како апсолутен износ или како процент од номиналната цена на акцијата. Вкупната дивиденда, што им се исплаќа на акционерите е дел од нето добивката (добивката по оданочување) на акционерското друштво за тековната година или дел од акумулираната добивка од претходните години.

Дивидендата по акција, претставува дел од добивката по акција, а односот меѓу дивидендата по акција и добивката по акција, се нарекува коефициент на исплата на дивиденда (*dividend payout ratio*).

Големината на овој коефициент најмногу зависи од зрелоста на фирмата: младите фирми кои се во процес на раст исплаќаат само мал дел од добивката или пак воопшто не исплаќаат дивиденди. Обратно, зрелите фирми исплаќаат големи дивиденди, иако ова не е правило.

На пример, „Apple“ започнала да исплаќа дивиденда дури по 20 години од основањето. Дивидендниот принос (*dividend yield*), го покажува приносот што ќе го оствари сопственикот на акцијата, ако ја купи акцијата по пазарната цена и ако го оствари правото на дивиденда, т.е. тој е однос меѓу дивидендата по акција и пазарната цена на акцијата.

Дивидендата може да се исплати наеднаш или на рати. На пример, во САД, дивидендата вообичаено се исплаќа во четири квартални рати.

Според законските прописи, во Македонија дивидендата мора да се исплати најдоцна во рок од девет месеци по завр-шувањето на деловната година, но во текот на годината, фирмите може да исплатат аванс од предвидената дивиденда.

Најважни моменти во постапката за исплата на дивидендата се:

- датата на објавување на дивидендата, т.е. денот кога се објавува одлуката на акционерското собрание (собирот на содружници) за исплата на дивиденда;
- последната дата со право на дивиденда, обично неколку дена пред денот на евиденција;
- датата на евиденција, т.е. денот кога се прави списокот на акционери кои имаат право на дивиденда; и
- датата на исплата, т.е. еден или неколку денови во годината кога се врши исплатата на дивидендата.

## *2. УТВРДУВАЊЕ НА ДОБИВКАТА КОЈА СЕ РАСПРЕДЕЛУВА ЗА ИСПЛАТА ВО ВИД НА ДИВИДЕНДА*

### *2.1. Износот на дивидендата и другите распределби од добивката*

Износот на дивидендата се утврдува од сметководствената добивка остварена за деловната година, по намалување на износот на данокот на добивка, корегиран за непризнаените расходи и помалку искажаните приходи во истата година и по претходно покривање на непокриените загуби од минатите години.

Сметководствената добивка од биланс на успехот, намалена за данокот на добивка по соодветната пресметка (ДБ, ДБ-ВП итн.), претставува нето добивка за деловната година.

Износот на дивидендата се утврдува и од пренесените нераспределени добивки од минатите години и од резервите коишто можат да се распределуваат во согласност со закон, намалени за евентуалните непокриени загуби од минати години.

Без оглед дали дивидендата се исплатува од акумулираната нето добивка или од нето добивката за тековната година, постапките роковите и условите за исплата, се истоветни.

### *2.2. Износот за исплата на аванс на дивиденда*

Авансната дивиденда се утврдува врз основа на периодичната пресметка или периодичниот финансиски извештај за трите, шесте, односно деветте месеца.

Аванс на дивиденда може да се утврди најмногу до износот на добивката, која што е остварена во периодот за којшто се исплаќа авансот на дивиденда, како прв пат на ограничување.

Износот за дивиденда не може да ја надмине вкупната добивка остварена во претходната година, одобрена со годишната сметка, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години и со резервите кои можат да се распределуваат за оваа цел. Износите за дивиденда треба да се намалат за износите коишто се издвојуваат за законските резерви и за резервите утврдени со договорот за друштвото, односно со статутот, за периодот за кој што се пресметува авансот на дивидендата. Намалувањето се врши ако не се покриени загубите од претходните години, а тие од кои било причини не биле покриени со последната одобрена годишна сметка и со финансиските извештаи.

### 2.3. Износот на другите исплати односно распределби од добивката

Покрај редовните исплати за дивиденди и распоред на добивките, со договорот на друштвото, може да се предвидат и други исплати, односно врз основа на закон во специфични и редовни околности.

Износот на другите исплати, односно распределби од добивката, се утврдува:

- во висина на ликвидациониот износ (ликвидационата маса) по намирување на доверителите, која се распределува на сопствениците на влогот (уделот) на субјектите (правни лица) кои престануваат да постојат, исплатени над вредноста на запишаниот капитал;
- во висина на зголемената вредност над оснивачкиот влог, која се исплатува на содружниците кои истапуваат од друштвото, под услов да се врши намалување на основната главнина на друштвото;
- другите исплати од добивката, во кои спаѓаат исплатите на дополнителните издатоци врз основа на Одлука за исплата на лични примања на сопствениците на влогот, односно на уделот. Наведените исплати не треба да се на товар на трошоците од работењето и да не се пресметани во бруто платата, туку истите се искажуваат на товар на добивката за финансиската година (се искажуваат и сите други исплати од добивката спрема вработените и менаџментот, доколку не се пресметани во бруто платата).

### 2.4. Оданочување на исплатата на дивиденди и на други распределби од добивката

Исплатата на дивиденди и на други распределби од добивката, се извршува со исплати во пари, во удели, односно во акции на друштвото.

- Оданочувањето на дивидендите односно на авансите на дивидендите кои се исплаќаат во пари, се врши на денот на којшто дивидендата се исплатува.

- Оданочувањето на дивиденда која е ставена во распределба во удели, односно акции, се врши на денот на запишувањето на зголемувањето во Централниот регистар на РМ (за уделите) односно во Централниот депозитар на хартии од вредност (за акциите).

### *3. РАЗЛИЧНИ ПЕРИОДИ ЗА ДАНОЧНИ ОБВРСКИ ПРИ ИСПЛАТА НА ДИВИДЕНДИ*

При исплата на дивидендите, разликуваме неколку периоди, според кои се пресметуваат и плаќаат даночните обврски.

Периодот на остварена добивка, заклучно со 31.12.2008, периодот од 01.01.2009 до 31.12.2013 и периодот од 01.01.2014, претставуваат засебни даночни сегменти, определени според периодот на настанување на добивката, од која се исплатува дивидендата.

Во поглед на начинот на пресметување и плаќање на даноците од дивидендите, исто така во трите претходно наведени класифицирани периоди, постојат определени разлики во смисол на ослободување на оданочување, за исплатени дивиденди, според видот на исплатувачи.

Генерално, Законот за данокот на добивка (“Службен весник на РМ” 112/14 ...290/20) и Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и начинот на одбегнување на двојното ослободување или двојното оданочување (“Службен весник на РМ” 174/14...6/20), заедно со Законот за трговски друштва (“Службен весник на РМ” 28/04 ... 30/16; 61/16; 64/18 и 215/21), го сочинуваат нормативниот дел од легислативата, кој се однесува на уредувањето на дивидендите и нивното оданочување.

Разликите во делот на оданочувањето при исплатите на дивидендите, се резултат на измените на прописите, извршени во сферата на данокот на добивка.

Изменетитот начин на оданочување на добивките од тековните години, почнувајки од 2015 година, предизвикува и различен даночен третман за оданочување на дивидендите.

На овој начин, иако не е воведен ниту укинат, нов данок или давачка, сепак се менува моментот на оданочување, односно основицата на која се пресметува данокот на добивка.

Во периодот на исплата (од 2009 до 2013 година), при исплатите на дивидендите, во моментот на исплатата се оданочуваше добивката од која се исплатува, од добивките остварени во годините 2009 до 2013 година.

Годините 2009 - 2013 го оформуваат периодот кога на остварена добивка, не се плаќаше данок на добивка со поднесувањето на годишна сметка, туку на денот на исплатата на дивидендите (се однесува на добивки од годините 2009 - 2013).

### *4. ДИВИДЕНДИ ОД ДОБИВКИТЕ ОД 2014 ГОДИНА И ИДНИ ГОДИНИ*

Согласно одредбите од член 7 од Законот за данок на добивка ("Службен весник на РМ" 112/14...290/20), основа за пресметување на данокот од добивка, претставува добивката, која се утврдува во даночниот биланс.

Основата за пресметување на данокот од добивка, се утврдува како разлика, меѓу вкупните приходи и вкупните расходи на даночниот обврзник, во износи утврдени согласно со прописите за сметководството и сметководствените стандарди.

Врз основа на наведените законски поставки, јасно е дека добивката задолжително се оданочува со данок на добивка во моментот на нејзиното утврдување, при поднесувањето на годишната сметка, односно финансиските извештаи до надлежните органи.

На овој начин повторно е воведен принципот на акontативно оданочување на дивидендите, во моментот на утврдување на добивките, со годишната сметка и финансиските извештаи, без оглед дали воопшто ќе бидат исплатени.

Основната разлика од моделот на оданочување на дивидендите, до воведувањето на обврската за данок на добивка со годишната сметка и моделот на оданочување на добивките при исплати од добивките, претставува оданочување на добивката во моментот на нејзиното утврдување, без оглед за кои цели истата понатаму ќе се користи.

Предностите и на едниот и на другиот модел се независни и можат да бидат фаворизирани од аспект на примателите на дивидендите или даночните авторитети.

Постоечкиот модел на оданочување на добивките, овозможува поголем комодитет, при донесувањето на одлуките за исплати на дивидендите.

Претходниот даночен модел, подразбираше оданочување по донесување на одлуката за распределба на дивидендите на денот на исплатата, што изискува постоење на ликвидни парични средства за плаќање на данокот на добивка, во моментот на исплатата на дивидендите. Потребите на друштвото за ликвидни средства неопходни за тековно работење, често се во расчекор со барањето на основачите – примателите на дивиденди, кои не се приморани да ги следат и почитуваат тековните потреби на друштвото за парични средства за репродукција.

Таквиот расчекор, често доведуваше и до промени на одлуките за исплати на дивиденда во последен момент.

## *5. ГОДИШНИ СМЕТКИ, ДОБИВКИ, РАСПОРЕДУВАЊЕ ЗА ДИВИДЕНДИ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ СОГЛАСНО ЗТД*

За целите на распоредување на добивката, трговците кои го водат сметководството според членот 469 став 1 од законот за трговски друштва, го утврдуваат својот финансиски резултат во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување, меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти и во согласност со законот за трговски друштва.

Годишната сметка усвоена од органот на управување се доставува до Централниот регистар, најдоцна до крајот на февруари, односно при електронско поднесување до 15-ти март, наредната за претходната пресметковна година.

Одобрените финансиски извештаи со годишниот извештај за работа на друштвото, органот на управување најдоцна 30 дена од денот на нивното одобрување, но не подоцна од 30 јуни, во препис, ги доставуваат до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар и ги ставаат во деловната или во друга просторија на увид. Право на увид има секој содружник или акционер. Ревидираната годишна сметка, односно ревидираните финансиски извештаи во кои се утврдени отстапувања во податоците на веќе поднесената годишна сметка, односно на веќе поднесените финансиски извештаи, Централниот регистар има обврска да ги обработи.

Податоците од годишните сметки и од финансиските извештаи се јавни и достапни на сите лица на начин и во постапка согласно со ЗТД и друг закон. Централниот регистар издава

информации, дава фотокопии од сметководствени искази и одделни податоци од електронската база, во согласност со Законот за Централниот регистар.

Друштвото чијшто предмет на работење се банкарски и други кредитни работи и работи на осигурување, во рок од 15 дена од денот на одржувањето на собранието, ги објавува обрасците определени со законот, без белешките за применетите сметководствени политики и другите објаснувачки белешки на начин пропишан со закон, а задолжително во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Обврската за објавување ја имаат и другите големи друштва и друштвата кои котираат на берза.

Кога друштвото објавува во дневен весник годишна сметка и финансиски извештаи, дури и кога на тоа не е обврзано, мора да ги објави како што се одобрени од собирот на содружниците, односно од собранието, без измени и дополнувања, вклучувајќи го и извештајот на овластениот ревизор.

### *6. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДОБИВКАТА И ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБИ*

Собирот на содружниците, односно собранието на друштвото, одлучуваат за распоредување на добивката.

Во одлуката за распоредување на добивката, се прикажува секоја поединечна намена на добивката, а особено се наведуваат:

1) износот од добивката за покривање на загубата од минати години (доколку таква има);

2) износите коишто се внесуваат во законските и во статутарните резерви на друштвото;

3) износот којшто се исплатува во вид на дивиденда;

4) дополнителните издатоци врз основа на одлуката;

5) евентуалниот пренос на добивката во наредната година (акумулираната добивка) и

6) износот на добивката со којшто ќе се изврши зголемување на основната главнина на друштвото и износот од добивката за инвестиции.

Со одлуката за распоредување на добивката, не може да се вршат измени во висината на остварената добивка на друштвото.

Собирот на содружници, односно собранието, одлучуваат за покривање на загубата.

Покривањето на загубите, се врши редоследно од следните извори, кои се наведуваат во одлуката за покривање на загубата, и тоа:

1) акумулирана добивка;
2) на товар на задолжителната општа резерва;
3) на товар на посебните резерви за покривање загуби;
4) премии и
5) на товар на основната главнина, со нејзино намалување.

Со одлуката за покривање на загубата, не може да се вршат измени во загубата на друштвото.

### *6.1. Задолжителни и останати резерви*

Друштвото има задолжителна општа резерва, како општ резервен фонд, кој е формиран по пат на зафаќање од нето добивката. Оваа резерва се пресметува и се издвојува, како процент определен во договорот за друштвото, односно со статутот и не може да биде помал од 5% од добивката, се додека резервите на друштвото не достигнат износ којшто е еднаков на една десетина од основната главнина. Ако така создадената резерва се намали, мора да се дополни на ист начин.

Додека општата резерва не го надмине со закон, со договорот за друштвото, односно со статутот, определениот најмал износ, може да се употребува само за покривање на загубите.

Кога општата резерва ќе го надмине најмалиот износ и по покривање на сите загуби, со одлука на собирот на содружниците, односно на собранието, вишокот може да се употреби за дополнување на дивидендата, ако таа за деловната година не го достигнала најмалиот износ пропишан со закон, со договорот за друштвото, односно со статутот.

Она што во резервата е внесено врз основа на доплата на содружниците, односно на акционерите, не може да се употреби за дополнување на дивидендата.

Друштва кои вршат банкарски, односно осигурителни дејности, не се должни да имаат задолжителна општа резерва, ако така е пропишано со друг закон.

### *7. ДАЛИ ДИВИДЕНДАТА МОЖЕ ДА СЕ ИСПЛАТУВА ПОСЛЕ 30.09. 2021 ГОДИНА*

Согласно одредбите од член 487 од ЗТД, по одобрувањето на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдувањето на постоењето добивка за распределба, собирот на содружниците, односно собранието, го определуваат делот којшто им се доделува на содружниците, односно на акционерите, во форма на дивиденда, според правата што ги дава уделот, односно според родот и класата на акциите.

Органот на управување може да исплати дивиденда во износ, којшто не ја надминува вкупно остварената добивка искажана со годишната сметка и со финансиските извештаи, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години или со резервите кои можат да се распределуваат, односно кои ги надминуваат законските резерви и резервите определени со договорот за друштвото, односно со статутот и ако се покриени загубите од претходните години, ако тие од кои било причини не биле покриени со последната одобрена годишна сметка и со финансиските извештаи.

Ако е потребно, заради сигурност на друштвото или за што порамномерна дивиденда, пред да се определи висината на дивидендата, содружниците, односно акционерите можат со договорот за друштвото, односно со статутот да определат да се формира посебна резерва.

Начините на плаќање на дивидендата ги утврдуваат содружниците, на собир на содружниците или преку изјаснување со допишување, односно акционерите на собрание.

Согласно одредбите од член 487 став 5 од ЗТД, дивидендата се исплатува **најдоцна во рок од девет месеца** по завршувањето на деловната година. На содружниците, односно акционерите, може во текот на деловната година од предвид-ливиот дел од добивката, да им се исплати аванс на име дивиденда.

Согласно одредбите од член 487 став 6 од ЗТД, доколку дивидендата не се исплати во рокот до 30.09.2021 година, по истекот на овој рок на износот на дивидендата, која треба да им се исплати на акционерите, се пресметува законска затезна камата, до денот на исплатата на дивидендата.

Врз основа на наведената одредба од член 487 став 5 и 6 од ЗТД, дивидендата може да се исплатува и после датумот од 30.09.2021 година, но на акционерите им следува и законска затезна камата, утврдена од основицата за дивиденди.

### *8. ИСПЛАТИ НА ДИВИДЕНДИ ОД ДОБИВКИ ОД 2014 ГОДИНА И ПОКАСНО*

Со поднесувањето на годишната сметка за 2014 година, веќе се изврши оданочување на добивката, која претставува дел од основицата за оданочување.

Даночниот модел кој се укина, познаваше оданочување на добивката при исплата на дивиденда, подразбираше неоданочување на добивката, во моментот на нејзиното утврдување, наместо при нејзина исплата во вид на дивиденда.

Со новововедениот Закон за данок на добивка, добивката се оданочува при поднесување на годишната сметка, не се врши оданочување на дивидендите при нивна исплата, доколку истите произлегуваат од добивката од 2014 година и покасно. Доколку се задржеше моделот на оданочување на добивката при нејзина исплата како дивиденда, немаше да постои оданочување на добивката при поднесување на ДБ.

Основната придобивка од новововедениот модел на пресметување и наплата на данокот на добивка е намалување на администрирањето при исплатите на дивидендите (не се поднесува “ДД-ИД” при исплати на дивиденди од добивки од 2014 и понатамошни години), од причини што данокот веќе е платен при поднесувањето на годишната сметка.

Персонален данок на доход при исплати на дивиденди, се пресметува и плаќа во моментот на исплатата на дивидендата, доколку примател на дивидендата е физичко лице.

### *9. ПРЕСМЕТКА НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД ПРИ ИСПЛАТА НА ДИВИДЕНДА*

Согласно одредбите од член 526 од Законот за данок на личен доход, дивидендата претставува доход од капитал, остварен со учество во добивката кај правните лица.

Стапката на персоналниот данок на доход за исплата на дивиденда во 2021 година, изнесува 10%.

***ПРИМЕР:*** *АД "НН" со одлука на Собранието на акционерите во 2021 година, а на предлог на Управниот одбор, по годишната сметка, распределува дел од* ***нето добивката од 2012 година*** *за исплата на дивиденди, во износ од 400.000,00 денари. Согласно Одлуката, пресметаниот данок на добивка и данокот на личен на доход ќе се одбие од износот на пресметаната дивиденда. На акционерите им е исплатен нето износот на дивидендите, а данокот на личен доход е уплатен на соодветната сметка, преку е-пдд.*

**1. Пресметката на данокот на личен доход од дивиденди**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Бруто износ на распоредената дивиденда | 400.000,00 |
| 2. | Даночна основа за данок на добивка | 400.000,00 |
| 3. | Даночна стапка – данок на добивка | 10% |
| 4. | Данок на добивка (р.бр. 2 х р.бр.3) | 40.000,00 |
| 5. | Даночна основа за ПДД (р.бр.1-р.бр.4) | 360.000,00 |
| 6. | Даночна стапка – персонален данок | 10% |
| 7. | Персонален данок (р.бр.5 х р.бр.6) | 36.000,00 |
| 8. | За исплата - нето дивиденда (р.бр.1 – р.бр.4 – р.бр. 7) | 324.000,00 |

***НАПОМЕНА: Доколку дивидендите се исплатуваат од добивките остварени заклучно со 2008 година или од и по 2014 година, не подлежат на данок на добивка, бидејќи истиот е платен со годишната сметка. Доколку добивките се од 2009 до 2013 година, се пресметува данок на добивка, на образец ДД-ИД, кој се поднесува до УЈП на ден на исплата, во кој износот за дивиденда се прикажува во нето износ х 11,1111% за данокот на добивка.***

***Книжење:***

951 – Акумулирана добивка
од 2012 година 400.000,00
25430 – Обврски за дивиденди
од удели во бруто износ 400.000,00

*- за распределба на дивиденда по годишна сметка од 2012 година, по Одлука од 30.08.2021 г.;*

25430 – Обврски за дивиденди
од удели во бруто
износ 400.000,00
25431 – Обврски по основ
на нето дивиденди 324.000,00
2330 – Данок на добивка
од дивиденди 40.000,00
23503 – Обврски за персонален
данок од приходи од
капитал и дивиденди 36.000,00

*- за обврски за дивиденди;*

25431 – Обврски по основ
на нето дивиденди 324.000,00
2330 – Данок на добивка
од дивиденди 40.000,00
23503 – Обврски за персонален
данок од приходи од
капитал и дивиденди 36.000,00
1000 - Трансакциона сметка 400.000,00

*- исплатени дивиденди, данок на добивка и данок на личен доход според извод бр.___*

## 10. ИСПЛАТИ НА ДИВИДЕНДИ КАЈ ОБВРЗНИКОТ НА "ДБ-ВП"

Согласно одредбите од член 31 до 36 од Законот за данокот на добивка, предвиден е поедноставен даночен режим за пресметување и плаќање на данокот на добивка, врз основа на остварен вкупен приход.

Наведените субјекти, кои ги исполнуваат условите до 3, односно 6 милиони МКД вкупен приход (5 и 10 мил.МКД за 2020 година), данокот на добивка го утврдуваат на Образец "ДБ-ВП".

Пресметувањето и плаќањето на основа на вкупен приход, притоа претставува конечна обврска за годината за наведените субјекти и истите не пресметуваат аконтации за данок на добивка во наредната година, како што е случајот со обврзниците од "ДБ" Образец.

Исто така, при пресметувањето и исплатите на дивидендите, не пресметуваат и плаќаат данок на добивка, доколку дивидендите кои се исплатуваат, произлегуваат од годините, кога обврзникот данокот на добивка го пресметувал и плаќал на вкупен приход (според “ДБ-ВП” Образец).

## *11. ОБРАЗЕЦ ДД-ИД ПРИ ИСПЛАТА НА ДИВИДЕНДИ ОД ДОБИВКИ ОСТВАРЕНИ ОД 2009 - 2013*

Согласно новиот Закон за данок на добивка, добивката за 2014 година се оданочи на даночна основа во која влегува и позитивниот финансиски резултат – добивката, за разлика од порано, кога се оданочуваа само даночно непризнатите расходи, во моментот на поднесување на годишната сметка.

Одовде **не постои обврска** за пополнување и поднесување на образец **ДД-ИД за исплати на дивиденди**, кои произлегуваат од добивката **од 2014 година и понатаму**.

Согласно одредбите од член 48 од Законот за данок на добивка (“Службен весник на РМ” 112/14...290/20), даночните обврзници кои ќе вршат исплати на акумулираните добивки, остварени во периодот од 2009 до 2013 година за дивиденди и други распределби од добивката, имаат обврска да пресметаат и платат данок на добивка, во моментот на исплата на дивидендата. Обврската се однесува на обврзниците кои данокот на добивка го пресметуваат и плаќаат на ДБ.

Пресметувањето и плаќањето на данокот на добивка по основ на дивиденди од добивките остварени во периодот од 2009 – 2013 година, се врши на образецот „ДД-ИД” - Пресметка на данок на добивка на исплатени дивиденди и други исплати од добивката.

Образецот „ДД-ИД” - Пресметка на данок на добивка на исплатени дивиденди и други исплати од добивката е пропишан со стариот правилник за данок на добивка, кој не е повеќе во употреба, освен одредбата за поднесување на „ДД-ИД” за дивидендите од добивките од периодот 2009 – 2013 година.

Согласно одредбата од член 16 од Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и спречување на двојното ослободување или двојното оданочување ("Службен весник на Република Македонија", 17/14... 31/17) се применува одредбата од членот 5 став 1 од стариот Правил-

ник за начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и спречување на двојното ослободување или двојното оданочување ("Службен весник на РМ" 173/11 и 72/14), за исплата на акумулирани добивки остварени во периодот од 2009 до 2013 година, за дивиденди и други распределби од добивката.

Согласно член 5 став 1 од стариот Правилник, основа за пресметување на данокот е **износот на исплатената дивиденда и другите распределби од добивката** извршени во тековната година. Пресметката на данокот се врши на образецот "ДД-ИД" – "Пресметка на данок на исплатена дивиденда и друга распределба од добивката", кој е составен дел на правилникот.

**Пример 1:** Трговското друштво за трговија на големо и мало "Три ѕвезди" ДОО Скопје, со седиште на ул."Филип II-ри Македонски" бр. 2, на ден 15.04.2021 година донесе одлука за распоредување на добивките остварени со годишните сметки за 2009 и 2010 година, за нето дивиденди и исплата на двајцата основачи по 2.700.000,00 денари или вкупно 5.400.000,00 денари. Дивидендата се исплатува на содружниците на 15.10.2021 (после 30.09.2021 година).

Врз основа на одлуката за исплата на дивиденда донесена на собирот на содружници, добивката за 2009 година во вкупен износ од 3.333.333 денари, целосно се распределува за исплата на дивиденда. Исто така и од добивката од 2010 година делот од 3.333.333 денари се наменува за исплата на дивиденда од причини што друштвото е основано од двајца содружници со учество во уделите во сразмер од 50:50.

Бидејќи станува збор за основачи - физички лица при предвидувањето на износот за исплата (2 x 2.700.000,00 нето дивиденда = 5.400.000,00 вкупна нето дивиденда), дивидендата се зголемува за персоналниот данок на доход во износ од 10%, односно пресметковно за 11,1111% од нето дивиденда за исплата (2 x 2.700.000,00 = 5.400.000,00 милиони денари x 11,1111% = 600.000,00 денари персонален данок на доход или вкупно 6.000.000,00 денари нето дивиденда + персонален данок на доход.

Покрај тоа потребно е да се определи износот на данокот на добивка, кој пресметковно се определува од нето дивидендите зголемени за персоналниот данок на доход во износ од 6.000.000 со пресметковна стапка од 11,1111% или 6.000.000 x 11,1111% = 666.666). Врз основа на вака утврдените износи вкупниот износ на дивиденда и даноци од дивиденда, изнесува 6.666.666 денари, при што сметководителот ја подготвил следната пресметка:

| | |
|---|---|
| 1) I дел бруто дивиденда (добивка од 2009) | 3.333.333 |
| 2) II дел бруто дивиденда (добивка од 2010) | 3.333.333 |
| 3) Вкупно бруто дивиденда | 6.666.666 |
| 4) Данок на добивка 10% | 666.666 |
| 5) Нето дивиденда | 6.000.000 |
| 6) Персонален данок 10% | 600.000 |
| 7) Нето дивиденда за исплата | 5.400.000 |
| 8) Дел за дивиденда за поединечен содружник | 2.700.000 |

***НАПОМЕНА:*** **При исплатите на дивиденди, кои потекнуваат од добивката остварена од работењето, во и по 2014 година, не се пресметува повторно данок на добивка при исплатата на дивидендата, ниту се поднесува образец ДД-ИД.**

# ПРЕСМЕТКА
## на данок на исплатена дивиденда и друга распределба од добивката

**ДД-ИД**

| | |
|---|---|
| Посебен даночен статус | Заштитни друштва / ТИРЗ / Казнено поправни домови |
| Единствен даночен број | 43000555222 |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | Три ѕвезди ДОО<br>ул.Филип II Македонски 2 |
| Телефон | |
| е-пошта | |
| Датум и број на прием | |
| Даночен период (од година/м) | 01.01 2009<br>31.12 2010 |
| Рок за поднесување | 15.10.2021 |
| Исправка на "ДД-ИД" | |

### ИСПЛАТЕНА ДИВИДЕНДА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **А.** | **Податоци за извршената распределба** | | |
| 1. | Збир од сите извори од кои е исплатена дивидендата за деловната година, освен делот на распределбите кон правните лица – резиденти на РМ (Σ ред. бр. 2 + 3 + 4) | 01 | 6 0 0 0 0 0 0 |
| 1-а. | Збир од сите извори од кои е исплатена дивидендата за деловната година кон правните лица – резиденти на РМ (Σ ред. бр. 2-а + 3-а + 4-а) | 02 | |
| 2. | Од добивката остварена во претходната година, освен делот на распределбите кон правните лица – резиденти на РМ | 03 | |
| 2-а. | Од добивката остварена во претходната година кон правните лица – резиденти на РМ | 04 | |
| 3. | Од пренесената нераспределена добивка остварена со состојба на 31.12.2008 година, освен делот на распределбите кон правните лица – резиденти на РМ | 05 | |
| 3-а. | Од пренесената нераспределена добивка остварена со состојба на 31.12.2008 година за исплатите кон правните лица – резиденти на РМ | 06 | |
| 4. | Од пренесената нераспределена добивка остварена по 01.01.2009 година, освен делот на распределбите кон правните лица – резиденти на РМ | 07 | 6 0 0 0 0 0 0 |
| 4-а. | Од пренесената нераспределена добивка остварена по 01.01.2009 година за исплатите кон правните лица – резиденти на РМ | 08 | |
| 5. | Вид и износ на исплатената дивиденда x | x Пари | 6 0 0 0 0 0 0 |
| | | Удели | |
| | | Акции | |
| **Б.** | **Утврдување на даночната основа и на данокот** | | |
| 6. | Износ на исплатена дивиденда (Σ ред. бр. 2 + 4) | 09 | 6 0 0 0 0 0 0 |
| 7. | Износ на данок на исплатена дивиденда (ред. бр. 6 x 11,11%) | 10 | 6 6 6 6 6 6 |
| **В.** | **Намалување на пресметаниот данок (Σ ред. бр. 8 + 9 + 10)** | 11 | / |
| 8. | Намалување на данокот за сразмерниот дел на учество на странското лице во вкупниот капитал на друштвото утврден на 31.12.2009 година, доколку вложувањето е остварено пред 31.12.2006 година | 12 | / |
| 9. | Износ на данокот платен на реализираните приходи од дивиденди од нерезидентни лица (задржан данок), но не повеќе од износот на данокот по пропишаната стапка во ЗДД | 13 | / |
| 10. | Данокот кој го платила подружницата во странство за добивката вклучена во приходите на матичното правно лице во РМ, но не повеќе од износот на данокот по пропишаната стапка во ЗДД | 14 | / |
| **Г.** | **Износ на данок за плаќање (ред. бр. 7 – износ од В ≥ 0)** | 15 | 6 6 6 6 6 6 |

Д. Посебни податоци

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11. | [illegible] | 16 | 7500 000 |
| 12. | [illegible] | 17 | |
| 13. | [illegible] | 18 | 300000 |
| 14. | [illegible] | 19 | 7 200 000 |
| 15. | [illegible] | 20 | |
| 16. | [illegible] | 21 | 8 500 000 |
| 17. | [illegible] | 22 | / |
| 18. | [illegible] | 23 | / |
| 19. | [illegible] | 24 | |

**ИСПЛАТЕН АВАНС НА ДИВИДЕНДА ЗА ТЕКОВНАТА ГОДИНА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20. | [illegible] | 25 | |
| 20-а. | [illegible] | 26 | |
| 21. | [illegible] | 27 | |
| 21-а. | [illegible] | 28 | |
| 22. | [illegible] | 29 | |
| 22-а. | [illegible] | 30 | |
| 23. | [illegible] | 31 | |
| 23-а. | [illegible] | 32 | |
| 24. | [illegible] | 33 | |

**ДРУГИ ИСПЛАТИ ОД ДОБИВКАТА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 25. | [illegible] | 34 | |
| 26. | [illegible] | 35 | |
| 27. | [illegible] | 36 | |
| 28. | [illegible] | 37 | |
| 29. | [illegible] | 38 | |

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |
| Податоци за обработката | | | |

# СМЕТКОВОДСТВО

*дипл.економист Јулија Минковска*

# ЧУВАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ТРГОВСКИТЕ КНИГИ И СМЕТКОВОДСТВЕНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

***Чувањето и архивиањето на финансиската и сметководствената документација, како и други документи пропишани поделно со законските прописи се однесува за следните субјекти: Државните органи, Судовите, Единиците на локалната самоуправа и градот Скопје, Трговски друштва и другите правни лица, Политичките партии, Општествените организации и Здруженија на граѓани и Поединци кои вршат самостојна дејност или професија и Физичките лица.***

## *ВОВЕД*

Чувањето и архивирањето на финансиската и сметководствената документација, е уредена со одредбите на следните законски прописи:

- **Закон за архивски материјал** ("Службен весник на РМ" 95/12; 41/14; 72/15; 148/15; 169/15; 53/16**);**
- **Закон за трговски друштва** ("Службен весник на РМ" 28/04;... 30/16;61/16; 64/18; 120/18,290/20 );
- **Закон за данок на додадена вредност** ("Службен весник на РМ" 44/99...124/19; 275/19; 267/20, 163/21);

- **Закон за данок на личен доход („**Службен весник на РМ" 241/18; 275/19, 290/20; 85/21);
- **Закон за даночна постапка** ("Службен весник на РМ" 13/06...275/19, 290/20);
- ***Закон за сметководство на буџетите и буџетските корисници*** *("*Службен весник на РМ" 61/02; 81/05; 24/11; 145/15; 170/17, 122/21);
- ***Закон за сметководство на непрофитните организации*** ("Службен весник на РМ" 24/03; 17/11; 54/15, 122/21);
- ***Закон за хартии од вредност*** ("Службен весник на РМ" 95/05...23/16; 83/18, 7/19, 31/20).
- ***Уредба за канцелариско и архивско работење*** ("Службен весник на РМ" 1/14);
- ***Упатство за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документираниот материјал во канцеларискoто и архивското работење*** ("Службен весник на РМ" 99/14);

## *1. ЗАШТИТА И ЧУВАЊЕ НА АРХИВСКИОТ И ДОКУМЕНТАРНИОТ МАТЕРИЈАЛ*

Согласно Законот за архивски материјал ***(во продолжение Законот),*** се уредува заштитата, чувањето, обработката и користењето на архивскиот материјал, инспекцискиот надзор и надлежностите на Државниот архив на РМ.

Заштитата, чувањето, обработката и користењето на архивскиот материјал е од јавен интерес.

**Архивскиот материјал** претставува целокупниот изворен и репродуциран ***(пишуван, цртан, печатен, фотографиран, филмуван, аудиовизуелизиран, механографиран, електронски, дигитално, оптички или на друг начин забележан)*** документарен материјал од трајна вредност, кој е од значење за Републиката, науката, културата, имателите, како и за други потреби;

**Документарен материјал*,*** како извор на архивскиот материјал, го сочинува целокупниот изворен и репродуциран ***(пишуван, цртан, печатен, фотографиран, филмуван, аудио визуелизиран, механографиран, електронски, дигитално, оптички или на друг начин забележан)*** материјал и книги и други евиденции за тој материјал, создадени во работата на имате-

лите, додека тој е од значење за нивната тековна работа и сé додека од него не е издвоен архивскиот материјал;

**НАПОМЕНА: Архивскиот материјал од посебно културно и историско значење, како добро од општ интерес, посебно се заштитува, согласно прописите за заштита на културното наследство.**

Документарниот материјал од којшто не е извршено одбирање на архивскиот материјал, без оглед на тоа кој го создал и каде се наоѓа, претставува и се чува како целина и од него не смеат да се издвојуваат делови.

Архивскиот материјал, кој е создаден во електронска, дигитална, оптичка или друга форма (запис), се пренесува во хартиена форма.

Архивскиот материјал, доколку не е можно да се пренесе во хартиена форма, останува во изворна форма, во која е создаден. Канцелариското и архивско работење, го уредува Владата на Република Македонија.

Начинот и техниката на постапување, со архивскиот и документарниот материјал, во канцелариското и архивското работење, го пропишува директорот на Државниот архив на РМ.

### *1.1. Електронски архивски и документарен материјал*

Согласно член 8 од Законот, електронска архива опфаќа чување на електронските документи во изворен облик, во кој се креирани, испратени, примени и архивирани, во облик со кој изворната содржина не се менува.

**Електронските документи се чуваат во изворна форма во информацискиот систем на медиуми,** кои овозможуваат трајност на електронскиот запис во текот на неговиот пропишан рок на траење и се дел од електронската архива.

**Електронските документи треба да бидат во секој момент достапни во читлив облик за оние лица кои имаат право на пристап до нив и треба да се заверени со електронски потпис.**

Електронските документи треба да бидат архивирани во соодветен облик, со соодветна технологија и постапки, кои заедно со електронскиот потпис ќе дадат гаранција за нивната веродостојност и целокупност за време на чувањето, како и

гаранција дека не можат да бидат менувани или неовластено избришани.

Електронските документи треба да овозможуваат веродостојно да се утврди потеклото, креаторот, времето, начинот и обликот, во кој се ставени во системот за чување.

Постапките за одржување и измена на медиумите за архивирање на електронските документи, не треба да ја менуваат целокупноста и неповредливоста на електронските документи.

Електронските документи треба со сигурност, доверливо и веродостојно да се задржат во периодот на чување, како и соодветните документи на хартија, дефинирани со закон или друг пропис.

Податоците евидентирани во дигитални бази на податоци и дигиталните слики на документи, добиени со дигитализација на конвенцијални документи, се чуваат на начин кој ги обезбедува од неовластен пристап, бришење, менување или губење на податоците, во согласност со закон и други прописи за управување и заштита на информациските системи (***правење на бекап копии секојдневно на компакт диск, DVD, магнетна лента, мобилен цврст диск или на сервер од некој провајдер, кој дава услуги за чување на база на податоци, во согласност со законските прописи).***

Имателот на архивски и документарен материјал е должен да направи план за реконструкција и обнова на податоците во случај на хаварија.

Процедурите за изработка на сигурносни копии и за обнова на податоците, треба да овозможуваат сигурна и целокупна обнова на податоците, во најкраток рок.

Електронските записи се архивираат и чуваат на начин со кој се обезбедува обнова на податоците, нивно прегледување и користење во случај на губење и оштетување на податоците во компјутерскиот систем, во кој се врши обработка и запис на податоците, односно оштетување или уништување на инфраструктурата, која овозможува користење на податоците.

### *1.2. Јавен архивски и документарен материјал*

Согласно член 16 од Законот, архивскиот и документарниот материјал, создаден во работата на државните органи, институции, јавните установи и служби, јавните претпријатија, единици на локалната самоуправа и градот Скопје, трговските

друштва основани од државата или во кои доминантен капитал има државата, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје и правните и физичките лица на кои со закон им се доверени јавни овластувања, претставува јавен архивски и документарен материјал и е сопственост на РМ.

Имателот на јавен архивски и документарен материјал е должен за своето основање, статусна измена, надлежност и престанување со работа да го извести Државниот архив.

Државниот архив утврдува попис на иматели на јавен архивски и документарен материјал.

***Јавниот архивски и документарен материјал е неотуѓив.***

Приватните правни и физички лица, не смеат да собираат, стекнуваат, чуваат и поседуваат јавен архивски и документарен материјал.

### *1.2.1. Права и обврски на имателите на архивски и документарен материјал*

Согласно член 18 од Законот, имателот на архивски документиран материјал, **има право на**:

- ***Користење на материјалот,*** согласно Законот и
- ***Стручна помош*** во поглед на заштита, чување и користење на материјалот, со што тој е должен да го заштитува, чува и одржува архивскиот и документиран материјал во изворна и безбедна состојба, да не се оштети, исчезне или уништи.

### *1.2.2. Одбирање на архивски и уништување на документарниот материјал*

Согласно член 21 од Законот, распоредувањето на документарниот материјал, се врши според планот на архивски знаци.

Одбирањето на архивскиот од документарниот материјал и издвојувањето на документарниот материјал се врши редовно според листа на архивски материјал, односно листа на документарен материјал, со рокови на негово чување.

**Имателот донесува:**

- ***План на архивски знаци;***
- ***Листа на архивски и документарен материјал*** и ги доставува до Државниот архив, заради добивање на согласност за примена на планот и листите.

При одбирањето на архивскиот материјал посебно се обележува архивскиот примерок.

**Одбирање на архивскиот од документарниот материјал создаден до 31 декември 1946 година, може да врши само Државниот архив.**

Одбирање и средување на јавен архивски и документарен материјал, освен имателот, може да врши само Државниот архив.

Трошоците во врска со одбирањето, евидентирањето, средувањето и предавањето на архивскиот материјал ги поднесува имателот на архивскиот и документарниот материјал.

Исто така тој е должен да преземе посебни мерки за заштита на материјалот за време на воена или вонредна состојба, кои посебни мерки ги уредува Владата на РМ.

***По истекот на рокот за чување, документарниот материјал:***

- *Се предава на уништување на правно лице регистрирано за откуп и промет на отпаден материјал или*
- *Се уништување кај имателот, согласно со утврдена постапка.*

**НАПОМЕНА: Имателот е должен да изврши попис на предложениот документарен материјал за уништување и пописот со барање го доставува до Државниот архив заради добивање на согласност за уништување.**

Доколку Државниот архив констатира дека во предложениот документарен материјал за уништување, нема архивски материјал или документарен материјал на кој не му истекол рокот за чување, издава согласност за негово уништување.

Државниот архив нема да даде согласност за уништување на предложениот документарен материјал, доколку имателот нема извршено попис и опис на архивскиот материјал за периодот за кој се предлага уништувањето на документарниот материјал.

Кога имателот на јавен архивски и документарен материјал ќе престане со работа, неговиот материјал во изворна, комплетна, одбрана, средена и евидентирана состојба, се предава на имателот, кој ги презема неговите права и должности.

Издвојувањето на документарниот материјал, imателот го врши комисиски, редовно секоја година, врз основа на листата на документарен материјал со рокови на нивно чување.

По истекот на рокот на чување, комисијата изготвува пописен лист на документарниот материјал, кој се предлага за уништување.

***Пописниот лист на документарниот материјал***, кој се предлага за уништување, се приложува кон барањето и истиот треба да ги содржи следните елементи:

- *Назив на имателот на документарниот материјал;*
- *Реден број на документот;*
- *Година од која потекнува документот;*
- *Архивски знак на документите;*
- *Сумарен опис по видови на документите;*
- *Количество изразено во метри должински;*
- *Образложение зошто се предлага за уништување на документарниот материјал; и*
- *Потпис и печат на одговорното лице и потпис на членовите на комисијата.*

**Пописен лист на документираниот материјал предложен за уништување**

**Назив на државниот орган претпријатието или друго правно лице** .

| Р.бр. | Година | Архивски знак | Сумарен опис по вид документиран | Количина во метри (должина |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |

**Образложение**:

______________________________________________

**Потпис на функционер** **Комисија**

**Одговорно лице** М.П. 1. ______________

*1.2.3. Предавање на архивскиот материјал*

Согласно член 27 од Законот, архивскиот материјал записнички се предава на Државниот архив во изворна, комплетна, одбрана и средена состојба, со попис и опис на материјалот, сместен во архивски кутии на начин и во рокови утврдени спогодбено меѓу имателот на материјалот и Државниот архив. Рокот за предавање на јавниот архивски материјал не може да биде подолг од 20 години од неговото создавање.

### *1.3. Приватен архивски и документарен материјал*

Согласно Член 30 од Законот, приватен архивски и документарен материјал е материјал кој настанал во работата на приватните правни и физички лица (иматели), односно е во сопственост на приватни правни и физички лица.

Државниот архив, утврдува попис на иматели на приватен архивски и документарен материјал, за кој ќе оцени дека е од интерес за Република Македонија.

*1.3.1 Должности на имателите на приватен архивски и документарен материјал*

Согласно Член 32 од Законот, имателите на приватен архивски и документарен материјал се должни да водат основна или сопствена евиденција за архивскиот и документарниот материјал, да донесат план на архивски знаци со листа на архивски и документарен материјал, да вршат тековно одбирање на архивскиот од документарниот материјал ***и да го чуваат трајно архивскиот материјал согласно Законот.***

По исклучок имателите на приватен архивски материјал ***кои имаат до 49 вработени се должни да донесат:***

- **План на архивски знаци со листа на архивски и документарен материјал,**
- **Доколку имаат архивски материјал и да го чуваат трајно архивскиот материјал.**

Во случај на престанок на имателот на приватен архивски материјал, архивскиот материјал е должен да го предаде на неговиот правен следбеник, односно да го предаде на Државниот архив, доколку нема првен следбеник, во рок од 15 дена од престанокот.

*1.3.2. Промет со приватен архивски материјал*

Согласно член 33 од Законот, имателот може приватниот архивски материјал да го подари, продаде или даде на чување на трето лице.

Приватниот архивски материјал не смее да се оттуѓува или на друг начин отстапува на странски физички и правни лица.

Приватниот архивски материјал кој по пат на подарок, продажба или на чување дојде во владение на Државниот архив е достапен за користење под услови и на начин определени за јавниот архивски материјал, доколку со договорот поинаку не е определено.

### ***1.4. Чување и архивирање на финансиско материјалната и друга документација***

Правните и физичките лица во секојдневното работење создаваат документарен материјал кој имаат обврска да го чуваат во роковите определени со одребите на Упатството за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцелариското и архивското работење, додека пак архивскиот материјал ***(извлечен од документарниот)*** **ИМААТ ОБВРСКА трајно да го чуваат.**

Документарниот материјал, меѓу другото, е и материјалот кој произлегува од финасиското и материјалното работење на правните и физичките лица.

Роковите за чување на документитие (***меѓу кои и документитие од областа на финасиското и материјалното работење)***, се утврдени согласно Упатството, како Прилог бр. 3 од Листата на документарен материјал, со рокови на чување.

| Ред. Бр. | Документарен материјал и Материјално - финансиски документи | Рок на чување |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 05/02. | Прописи и упатства за финансиско и материјално работење; | **5 год.** |
| 05/03. | **Евиденции и документи за финансиското работење за Буџетските корисници:** | |
| | **Деловни книги** на буџетити и буџетските корисници: (*Дневник; Главна книга; Книга на приходи и расходи и книга на средствата, обврските и изворите на средствата*); | **10 год.** |
| | **Помошни книги** (*Аналитичка евиденција: книга на влезни и излезни сметки, книга за набавки, книга (ПОПИС) за инвентарот книга (попис) на капиталниот имот, книга за јавниот долг, книга за благајна, книга на побарувањата и обврските и книга на изводи на сметката);* | **5 год.** |
| | **Сметководствени документи,** врз основа на кои се внесени податоците во деловните книги; | **3 год.** |
| | **Исправи** што се однесуваат на платниот промет; | **2 год.** |
| | **Продажни и контролни** блокови, помошни пресметки и слични исправи; | **2 год.** |
| 05/04. | **Евиденција и документи за финансиското работење за даночни обврзници:** | |
| | Трговски книги, сметководствени документи, записи и пописи, белешки за применети сметководствени политики и други документи во врска со организацијата; Деловни писма и коресподенции, Сметки за книжење; | **10год** |
| | Други документи доколку имаат значење за оданочување, евиденции за готовински промет *(денарска и девизна благајна);* | **5 год** |

| | | |
|---|---|---|
| 05/05. | **Евиденции и документи за финансиското работење на непрофитни организации:**<br>Дневник; Главна книга;<br>Помошни книги ***(аналитичка евиденција)***; Сметководствени документи врз основа на кои се внесени податоците во деловните книги;<br>Исправи што се однесуваат на платниот промет;<br>Продажни и контролни блокови, помошни пресметки и слични исправи; | <br><br>**10 год**<br><br>**5 год.**<br>**3 год**<br>**2 год.** |
| 05/06. | Исплатни листи за плати, картони за плати и пријави на податоци за утврдување на нето плати и стаж на осигурувањето; | **45 год.** |
| 05/07 | Досијеа за јавни набавки за движни ствари и услуги; | **5 год.** |
| 05/08. | Преписка за финансиско материјалното работење. | **3 год.** |

**НАПОМЕНА: Роковите на чување на одредени документи од документарниот материјал, не се совпаѓаат со утврдените рокови на чување на тие документи со одредбите на Законот за трговските друштва, Законот за даночна постапка, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за сметководство на непрофитните организации.**

### *1.5. Прекршочни одредби за непочитување на законот*

***Согласно член 65 од Законот, Глоба во износ од 2.000 евра*** во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршок на правното лице ***кое има над 49 вработени*** и кое е имател на приватен архивски и документарен материјал, не донесе план на архивски знаци со листа на архивски и докум-ентарен материјал, не врши тековно одбирање на архивскиот од документарниот материјал и не го чува трајно архивскиот материјал ***(член 32 став 1).***

***Глоба во износ од 30% од одмерената Глоба*** за правното лице, ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

# 2. ЧУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКО–МАТЕРИЈАЛНАТА И ДРУГА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СОГЛАСНО ОДДЕЛНИ ЗАКОНИ И ДРУГИ ПРОПИСИ

## 2.1. Закон за трговските друштва

Согласно одредбите од член 474 на Законот за трговските друштва, пропишана е обврската и роковите за чување на трговските книги, сметководствените документи, годишните сметки и финансиските извештаи, за сите регистрирани трговци. Според одредбите на овој член на законот, трговците се должни да ги чуваат, во утврдените рокови, следната документација:

| *Ред. Бр.* | *Материјално – финансиска и друга документација* | *Рок на чување* |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **01.** | Годишни сметки и финансиски извештаи; | **Трајно** |
| **02.** | Трговски книги (по истекот на годината за која што се однесуваат); | **10 год.** |
| **03.** | Сметководствените документи (од истекот на годината во којашто се искористени за соста-вување на трговските книги); | **5 год.** |
| **04.** | Сметководствените документи за пресметка на плати, како и самите списоци за исплата на плата. | **Трајно** |

Исто како и кај Законот за архивски материјал и со Законот за трговските друштва е предвидено дека, годишните сметки и финансиските извештаи, трговските книги и сметководствените документи, ***се чуваат во изворна форма или пренесени на некои од медиумите за автоматска или за микрографска обработка на податоците.***

Начинот и постапката за чување на овие документи како дел од документарниот материјал на трговецот, ги пропишува одговорното лице кај трговецот, во согласност со одредбите на Законот за архивска граѓа,

Уредбата за канцелариско и архивско работење и Упатството за начинот и техниката на постапување со документарниот материјал и архивската граѓа во канцелариското и архивското работење и истите во секој момент треба да бидат достапни и на барање на надлежни органи презентирани.

***Согласно одредбите на член 547 од Законот за трговските друштва*** е утврдено дека по завршувањето на ликвидацијата над друштвото, ликвидаторите имаат обврска да ги доставаат годишната сметка и извештајот до содружниците, до собирот на содружниците или до собирот на друштвото.

Ликвидаторите кон пријавата, заради бришење на друштвото во трговскиот регистар, поднесуваат одобрена годишна сметка и извештај како и препис од одлуките на содружниците, собирот на содружниците и собранието на друштвото со коишто се одобрува работата на ликвидаторите.

Од напред изнесеното произлегува дека постапката и начинот на чување и архивирање на документацијата е обврска на содружниците, собирот на содружници или собранието на друштвото, а во согласност на одредбите од Законот за архивски материјал.

*2.1.1. Прекршочни одредби за непочитување на Законот*

Согласно член 598 став (1) точка 8 од Законот, трговецот поединец, ако не ги чува на соодветен и правилен начин трговските и други документи, ***согласно одредбите од член 474 на Законот за трговски друштва,*** ќе се казни со ***Глоби од 1000 евра во денарска противвредност.***

Покрај ***Глобата од 1000 евра*** на трговецот-поединец ќе му се изрече прекршочна санкција ***забрана на вршење дејност од 1 до 3 години,*** сметајќи од денот на правосилноста на пресудата.

Меѓутоа, согласно Законот за трговските друштва, не се предвидени казнени одредби за трговските друштва, од причина што архивирањето и чувањето на архивската граѓа и документарниот материјал ***е предвидена со други закони.***

Согласно член 56 на Законот за данок на додадена вредност, Фактурите и другите документи издадени во согласност со овој закон, како и деловните книги на даночните обврзници **се чуваат најмалку пет години по истек на календарската година, за која се однесуваат.**

Фактурите кои се издадени во електронска форма **се чуваат во оригиналната форма во која се издадени, односно примени.**

Автентичноста на потеклото и интегритетот на содржината на фактурите кои се чуваат, како и нивната читливост, мора да бидат обезбедени од моментот на издавање до истекот на рокот.

Издавачот и примателот на фактурата во електронска форма се должни да обезбедат и чуваат релевантни **информации во врска со издавањето и приемот на фактурата преку кои може со сигурност да се утврди автентичноста на пот**еклото и интегритетот на содржината во утврдениот рок.

Фактурите без разлика на формата во која се издадени се чуваат на територијата на Република Македонија.

Министерот за финансии, во согласност од министерот за информатичко општество и администрација го пропишува начинот на издавање, пренос, примање и чување на фактура издадена во електронска формафактурите, издадени во согласност со овој закон, како и деловните книги на даночните обврзници, **се чуваат најмалку 5 (пет) години, по истекот на календарската година, за која се однесуваат.**

### *2.2.1. Прекршочни одредби за непочитување на Законот*

Согласно член 60 став 1 точка 6 од Законот, Глоба во износ **од 300 до 1.000 евра** во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (**микро трговец**), од **600 до 2.000 евра** во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице **(мал трговец**), од **1.800 до 6.000 евра** во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (**среден трговец**) и од **3.000 до 10.000 евра** во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (**голем трговец)** ќе му се изрече за прекршок, ако:

фактурите или другите документи издадени во согласност со овој закон или деловните книги **не ги чува во пропишаниот рок од 5 години.**

**Глоба во износ од 50 до 250 евра** во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (**микро трговец**), од **100 до 500 евра** во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (**мал трговец**), од **150 до 500 евра** во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (***среден трговец***) и од **200 до 500 евра** во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (**голем трговец)** ќе му се изрече за наведените прекршоци.

**Глоба во износ од 100 до 250 евра** во денарска противвредност на даночен обврзник - трговец поединец и лице кое самостојно врши дејност ќе им се изрече доколку не ги чува фактурите и другите документи или деловни книги во пропишаниот рок.

**Глоба во износ од 50 до 250 евра** во денарска противвредност ќе му се изрече на даночен обврзник - физичко лице ќе им се изрече доколку не ги чува фактурите и другите документи или деловни книги во пропишаниот рок.

### *2.3. Закон за Данок на личен доход*

Согласно член 34 од Законот, даночните обврзници на данок на доход ***(самостојните вршители на дејност – трговец поединец),*** должни се деловните книги и другата евиденција и документација ***да ги чуваат најмалку 5 (пет) години*** од последниот ден на деловната година, на која се однесуваат, доколку со друг закон поинаку не е пропишано.

#### *2.3.1. Прекршочни одредби за непочитување на Законот*

Согласно член 107 од Законот, ***Глоба во износ од 100 до 250 евра*** во денарска противвредност за сторен прекршок на даночен обврзник-трговец поединец и лице кое самостојно врши дејност, ќе му се изрече ако;

- **Деловните книги, другата евиденција и документација не ги чува во деловната просторија најмалку 5 години.**

### *2.4. Закон за даночна постапка*

Согласно член 48 од Законот, даночниот обврзник кој мора да води деловни книги и евиденции, заради оданочување, доколку тие се регулирани со посебни даночни закони, мора уредно да се чуваат, во следните утврдени рокови и тоа:

| *Ред. Бр.* | *Материјално–финансиска и друга документација* | *Рок на чување* |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **01.** | Трговски книги, сметководствени документи, записи и пописи, годишна сметка и финансиски извештаи, белешки за применетите сметководствени политики и други документи во врска со организацијата. | **.<br>10 год** |
| **02.** | Деловни писма и кореспонденции. | **10 год.** |
| **03.** | Сметки за книжење. | **10 год.** |
| **04.** | Други документи, доколку истите имаат значење за оданочување | **5 год.** |
| **05.** | Книжењата и другите евидентирања и во електронска форма, а особено дневниот готовински промет, кој мора да се бележи континуирано – по редослед на неговото настанување. | **5.год.** |

#### *2.4.1. Прекршочни одредби за непочитување на Законот*

Согласно член 179-а од Законот, **Глоба во висина од 3.000 евра** во денарска противвредност, ќе му се изрече на даночен обврзник, правно лице ако:

- *Не ги чува Деловните книги и евиденциите, на начин предвиден со Законот.*

За овој прекршок се изрекува Г**лоба за одговорното лице, во правното лице, во износ од 30% од одмерената Глоба на правното лице, а за физичкото лице, Глоба во висина од 150 до 450 евра,** во денарска противвредност.

### *2.5. Закон за сметководството за буџетите и буџетските корисници*

Буџетите и буџетските корисници на крајот на фискалната година ги заклучуваат и ги подврзуваат деловните книги. Дневникот и главната книга ги потпишува овластеното лице и одговорниот сметководител на буџетот и буџетскиот корисник или лице коешто тој ќе го овласти. Со потписот се потврдува точноста и усогласеноста со законските одредби.

Ако сметководствените податоци се обработуваат со електронски сметач, откако дневникот и главната книга ќе се заклучат, буџетот и буџетските корисници се должни да ги отпечатат и потоа да ги подврзат.

Согласно член 10 од Законот, деловните книги и сметководствените документи, кои се чуваат во изворна форма или пренесени на некои од медиумите за автоматска или микрографска обработка на податоците или на друг соодветен начин, и според својот вид се чуваат, ***во следните рокови***:

| *Ред Бр.* | *Деловни книги и сметководствени документи* | *Рок на чува.* |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **01.** | Дневник и главна книга; | **10 год.** |
| **02.** | Помошни книги (*аналитичка евиденција*); | **5 год.** |
| **03.** | Годишните сметки со нивните прилози; | **Трајно.** |
| **04.** | Конечните пресметки на плати на вработените, како и исплатните листи на платите на вработените, ако содржат битни податоци за вработените; | **Трајно** |
| **05.** | Сметководствените документи врз основа на кои се внесени податоците во деловните книги; | **5 год** |
| **06.** | Исправите што се однесуваат на платн.промет | **3 год.** |
| **07.** | Продажните и контролните блокови, помошните пресметки и слични исправи. | **2 год.** |

***Рокот на чување на деловните книги***, почнува со последниот датум од Фискалната година, на која што се однесуваат. Буџетите и буџетските корисници се должни, независно од начинот на водењето и чувањето на книгите, во секое време

да обезбедат достапност на истите, да ги чуваат и да ги заштитат во рокот утврден за тоа и мораат да гарантираат дека тие можат да бидат презентирани во секое време.

*2.5.1. Прекршочни одредби за непочитување на Законот*

**Согласно член 30 став 1 точка 4 од Законот, Глоба во износ од 500 до 800 евра** во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице на буџетите и буџетските корисници ако:

- **не ги чува на соодветен и правилен начин деловните книги, сметководствените документи, исправи ни финансиски извештаи до рокот пропишан со Законот, или ако за нивното чување не определи одговорно лице.**

**Глоба во висина од 1000 до 1600 евра** во денарска противвредност, ќе се изрече за прекршок на одговорниот сметководител, ако не ги чува деловните книги до предвидениот рок (член 10).

## *2.6. Закон за сметководството на непрофитните организации*

Непрофитните организации се должни да водат деловни книги во согласност со одредбите на законот, прифатената сметководствена практика и сметководствените стандарди.

Непрофитните организации на крајот на деловната година ги заклучуваат и подврзуваат деловните книги. Дневникот и главната книга ги потпишува законскиот застапник на непрофитната организација или лице коешто тој ќе го овласти.

Со потписот се потврдува точноста и усогласеноста со законските одредби.

Ако сметководствените податоци се обработуваат со електронски сметач, откако дневникот и главната книга ќе се заклучат, непрофитните организации се должни да ги отпечатат, а потоа да ги подврзат.

***Согласно член 8 од Законот*** деловните книги и сметководствените документи, кои се чуваат во изворна форма или пренесени на некои од медиумите за автоматска или микрографска обработка на податоците или на друг соодветен начин и според својот вид се чуваат ***во следните рокови:***

| *Ред Бр.* | *Деловни книги и сметководствени документи* | *Рок на чување* |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **01.** | Дневник и главна книга; | **10 год.** |
| **02.** | Помошни книги (аналитичка евиденција); | **5 год.** |
| **03.** | Конечните пресметки на плати на вработените, како и исплатните листи на платите на вработените, ако содржат битни податоци за вработените; | **Трајно** |
| **04.** | Сметководствените документи врз основа на кои се внесени податоците во деловните книги; | **5 год.** |
| **05.** | Исправите што се однесуваат на платниот промет; | **3 год.** |
| **06.** | Продажните и контролните блокови, помошните пресметки и слични исправи. | **2 год.** |

Рокот на чување на деловните книги, почнува со последниот датум од годината на работењето на која што се однесуваат.

Непрофитните организации се должни, независно од начинот на водењето и чувањето на книгите, во секое време да обезбедат достапност на истите, да ги чуваат и да ги заштитат, во рокот утврден за тоа и мораат да гарантираат дека тие можат да бидат презентирани во секое време.

*2.6.1. Прекршочни одредби за непочитување на Законот*

***Согласно член 20 од Законот, Глоба во износ од 3.000 евра*** во денарска противвредност, ќе се изрече за непрофитната организација ако:

- **Не ги чуваат на соодветен и правилен начин деловните книги.**

| Вид на документ | Упатство за Архив. Работ. | Закон за тргов-ски друш-тва | Закон за ДДВ | Закон за ДЛД | Закон за Даноч-на постап-ка | Закон за смет-ков. на Буџети | Закон за смет-ков. на Не-проф. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сметк.докум.внесени во деловни книги | 5 год. | 5 год. | 5 год. | 5 год. | 10 год. | 5 год. | 5 год. |
| Исправи кои се однесуваат на платен промет | 3 год | / | / | / | / | 3 год | 3 год |
| Продаж. и контрол.. блоко-ви помош. пресм и сл. Ис-прави | 2 год | / | / | / | / | 2 год | 2 год |
| Дневник и главна книга | 10 год | 10 год | 5 год | 5 год | 10 год | 10 год | 10 год |
| Помош. книги (аналитичка евиденција) | 5 год | 10 год | / | / | 10 год | 5 год | 5 год |
| Конеч. пресм. на плати и исплатни листи на врабо-тени. | 45 год | Трајно | / | / | 10 год | Трајно | Трајно |
| Годиш. сметки и извештаи | / | Трајн о | / | / | 10 год | Трајно | / |
| Записи и пописи | 10 год | / | / | / | 10 год | / | / |
| Деловни писма | 10 год | / | / | / | 10 год | / | / |
| Белеш. за сметкоv. полит. и други. документи | 10 год | / | / | / | 10 год | / | / |
| Сметки за книжење | 10 год | / | / | / | 10 год | / | / |
| Документи за дневен готовински. промет | / | / | / | / | 5 год | / | / |
| Други докум. значајни за оданочување | 5 год | / | / | 5 год | 5 год | / | / |

# НЕСТОПАНСТВО

дипл.економист Јулија Минковска

## РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР И ДОДАТОЦИ ОД ПЛАТА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

***Исплатата на Регрес за годишен одмор и Додатоци од плата за вработените во Јавниот сектор е регулирано согласно законот за Извршување на Буџетот за 2021 година ("Службен весник на РМ" 307/20, 171/21), Гранскиот КД за Органи на државна управа, Стручни служби на Влада на РМ, Судовите, Јавните обинителства, Казнено-поправните и воспитно поправните установи, Државно правобранителство, општините, градот и општините на градот Скопје Агенциите, Фондовите и други органи основани од Собранието на РМ ("Службен весник на РМ" 51/20, 172/21).***

### ВОВЕД

Правото на остварување на додатоците и надоместоците поврзани со работа кај вработените во Јавниот сектор е регулирано во повеќе законски прописи, кои пропишуваат различни видови на надоместоци, кои во одделни законски прописи, не се спомнати или се укинати.

Независно што одделни законски решенија, предвидуваат повеќе видови надоместоци, сепак треба да се има предвид содржината на одобрениот буџет на буџетскиот корисник, дали во истиот се планирани и одобрени, таков вид на исплати.

Со цел да се намали расходната страна на Буџетот на РМ, во минатиот период беа донесени низа рестриктивни мерки, со кои се укинати неколку значајни надоместоци, кои според постојаната законска регулативе, вработените кај буџетските корисници и единките корисници, имаат право на остварување.

При планирањето и исплатата на надоместоците, поврзани со работата, се поставува прашањето дали тие се предвидени со законската регулатива и дали се планирани при формирање на Буџетот на буџетскиот корисник.

### *1. ИСПЛАТА НА РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*

Правото за исплата на Регрес за годишен одмор во јавниот сектор е регулирано Согласно Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, судовите, јавните обвинителства, казнено - поправните и воспитно - поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на градот Скопје, Агенциите, Фондовите и други органи основани од Собранието на РС Македонија ("Службен весник на РСМ" 51/2020, 172/21.

Овој колективен договор **не се однесува на вработените во** Органите на државна управа од обласа на безбедноста, одбраната и разузнавањето, како и на вработените во институциите кои вршат дејности од обласа на Образованието, Науката, Здравството, Културата, Трудот, Социјалната заштита и Заштитата на детето, Спортот, Јавното информирање, Комуналните и други дејности, заради кои се основани јавните претпријатија.

**Работодавач** согласно Гранскиот КД се: Органите на Државната управа, Стручните служби на Владата на РСМ, Судовите, Јавни обвинителства, Казнено - поправните и Воспитно – поправните установи, Државното правобранителство, Општините, Градот Скопје и Општините на градот Скопје, Агенциите, Фондовите и други органи основани од Собранието на РСМ.

**Вработени** согласно Гранскиот КД, се вработените кои засновале работен однос, кај претходно споменатиот работодавач.

Овој колективен договор е задолжителен и ги обврзува работодавачот и вработените во неговата непосредна примена.

### *1.1. Право на регрес за годишен одмор*

Согласно член 21 од Гранскиот КД, вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина **од најмалку 9.000,00 денари НЕТО,** под услов вработениот **да работел најмалку шест (6) месеци во календарската година, кај работодавачот.**

Регресот за годишен одмор се исплатува **еднаш во текот на годината, а најдоцна до крајот на тековната година**.

Правото на регрес за годишниот одмор, има и вработениот кој во текот на календарската година се вработил кај друг работодавач, согласно гранскиот колективен договор.

Одредбите за регрес, се однесуваат и на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, само доколку се предвидени средства за таа намена во буџетот на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје.

Согласно Законот за данокот на личен доход ("Службен весник на РСМ" 241/18 ... 85/21), регресот се оданочува со данок на личен доход во износ од 11,11111% на нето износот или 10% на бруто износот.

**9.000 x 11,11111% = 1.000 МКД Данок на личен доход**
**9.000 + 1.000 = 10.000 МКД Бруто износ**

Исплатата се врши преку состемот на е-пдд на УЈП, како доход од работа.

При изготвувањето на пресметката, во вид на доход се одбира опцијата:

**Т.1 - Доход од работа**, **а во подвид на доход се одбира опцијата:**

**S1.7 - доход, кој подлежи со оданочување ПДД - регрес.**

***На секој вработен треба да му се издаде пресметка за платениот данок на личен доход и нето регресот.***

## *2. ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА НА БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ ОД ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ И ЕДИНКИТЕ КОРИСНИЦИ*

Со Законот за извршување на буџетот за 2021 година ("Службен весник на РСМ" 307/20), ***(во продолжение ЗИБ)***, се извршува Буџетот за 2021 година, со што се даваат точни насоки за правилно користење на средствата од Буџетот, односно нивно правилно, наменско, рационално, економично и ефикасно користење.

Согласно последните измени и дополнувања на ЗИБ објавени во ("Службен весник на РСМ" 171/2021), се дозволуваат **дополнителни додатоци на плата на буџетските корисници од централната власт и единките корисници.**

Согласно **член 8-а** од ЗИБ, вработените во буџетскиот корисник од централната власт, имаат право на додаток на плата во висина **до 30%** од износот на основната плата, заради специфичност на работите и работните задачи и зголемен обем на работа, доколку во буџетот на буџетскиот корисник се обезбедени средства за оваа намена.

**Буџетските корисници, поблиските критериуми за остварување на правото на додатокот и начинот на утврдување на висината на додатокот, на предлог на Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација, ги утврдува Владата на РС Македонија.**

Додатокот на плата, **не се исплатува на вработените** во Буџетскиот корисник од Централната власт на кои им е утврдено правото на додаток на плата со посебен закон и/или колективен договор, *освен:* ***додатоците на плата за ноќна работа, работа во смени, работа за време на неделен одмор, работа за време на празници, утврдени со закон и работа подолго од полното работно време.***

Согласно **член 8-б** од ЗИБ, вработените кај буџетските корисници од централната власт, кои работат во Органите и структурите за управување со инструментот за претпристапна помош ИПА, **имаат право на додаток на плата,** во висина **од 15% од износот на основната плата.**

### *2.1. Критериуми за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници на централната власт*

Критериумите **за остварување на правото на додаток на плата на вработените** во Буџетските корисници на Централна власт, се регулирани согласно ***Уредбата за утврдување на буџетските корисници од Централна власт, поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување ма правото на додаток на плата на вработените во Буџетските корисници на Центалната власт објавена во "Службен весник на РС Македонија" 180/2021***, ***(во продолжение Уредбата),*** со која се утврдуваат буџетските корисници од централната власт, поблиските критериуми за остварување на правото на додаток на плата и начинот на утврдување **на висината за остварување на правото на додаток на плата до 30% од износот на основната плата,** заради специфичност на работите и работните задачи и зголемен обем на работа на вработените во буџетските корисници од централната власт.

Согласно член 2 од Уредбата, додатокот на плата, вработените во буџетските корисници од Централната власт од членот 3 Уредбата, **може да го остварат заради:**

- **Дополнителниот придонес во извршување на специфични работи и работни задачи;**
- **Зголемениот обем и сложеност на работа, како и вреднувањето на нивната успешност;**
- **Компетенциите;**
- **Унапредувањето на организацијата и стандардизираните процедури на работа;**
- **Градењето на организациските капацитети;**
- **Ефикасното извршување на надлежностите и квалитетна услуга во интерес на граѓаните и правните лица, а со тоа и**
- **Надминување на очекувањата на раководното лице на буџетскиот корисник и/или непосредно претпоставениот административен службеник во исполнувањето и остварувањето на стратешките планови и програми на буџетските корисници од централната власт.**

### *2.1.1 За кои буџетски корисници се однесува Уредбата*

Согласно член 3 од Урдбата, Буџетските корисници, во кои се утврдува додатокот на плата за вработените, се:

1) **Министерство за одбрана;**
2) **Министерство за внатрешни работи;**
3) **Министерство за правда;**
4) **Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците;**
5) **Министерство за надворешни работи;**
6) **Министерство за финансии;**
7) **Министерство за економија;**
8) **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;**
9) **Министерство за здравство;**
10) **Министерство за образование и наука;**
11) **Министерство за труд и социјална политика;**
12) **Министерство за локална самоуправа;**
13) **Министерство за култура;**
14) **Министерство за информатичко општество и администрација;**
15) **Министерство за транспорт и врски;**
16) **Министерство за животна средина и просторно планирање;**
17) **Влада на Република Северна Македонија;**
18) **Секретаријат за европски прашања;**
19) **Секретаријат за законодавство;**
20) **Државен завод за ревизија;**
21) **Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.**

### *2.1.2. Висина на зголемување на додатокот на плата*

Согласно член 4 од Уредбата, висината на додатокот на плата изразен **во проценти од основната плата** на вработените кај буџетските корисници, во зависност од критериумите изнесува:

- ✓ **за специфичност на работите и работните задачи - 15%,**
- ✓ **за зголемен обем на работа - 15%.**

Висината на **додатокот на плата** може да се утврдува и кумулативно врз основа на овие критериуми, при што вкупниот додаток на плата може да изнесува **до 30% од износот на основната плата.**

По исклучок, **висината на додатокот на плата** во зависност од обезбедените средства во буџетскиот корисник, може да изнесува помалку од висината на додатокот на плата утврден според претходните критериуми.

**НАПОМЕНА: Додатокот на плата не се исплатува на вработените во буџетскиот корисник од Централната власт, на кои им е утврдено правото на додаток на плата со посебен закон и/или колективен договор, освен додатоците на плата за ноќна работа, работа во смени, работа за време на неделен одмор, работа за време на празници, утврдени со закон и работа подолго од полното работно време.**

Зголемување на основната плата за Специфичност на работите и работните задачи во висина од 15% **опфаќа:**

- **Извршување на посеопфатни работи и работни задачи во однос на работите и задачите кои вообичаено се извршуваат;**
- **Постојана достапност на вработениот на раководното лице на буџетскиот корисник или на непосредно претпоставениот раководен административен службеник;**
- **Извршување на работни задачи во скратени рокови и постоење на потреба од итно постапување;**
- **Извршување на работи и работни задачи поврзани со класифицирани информации;**
- **Подготовка на стратешки документи, анализи и извештаи од сложен карактер од надлежност на буџетскиот корисник, поврзани со спроведувањето на владините политики.**

Зголемување на основната плата за зголемен обем на работа во висина од 15% **опфаќа:**

- **Значително зголемен обем на работни задачи, поради недоволен број на вработени и одлив на кадар, во организационата единица;**
- **Извршување на работи и работни задачи на отсутен работник во текот на подолг временски период, а при тоа нема вработено лице за негова замена на определено време;**
- **Извршување на дополнителни работи и работни задачи врз основа на задолжение во писмена форма, решение или овластување, а кои не се во описот на работното место;**
- **Учество во работни групи, комисии, комитети или тела за кои со општ или посебен пропис/акт не е определен надоместок за учество во работата на истите и извршување на работни задачи кои произлегуваат од проектни активности во организационата единица.**

### *2.1.3. Предлог за остварување на додаток на плата*

Согласно член 7 од Уредбата, предлог за остварување на правото на додаток на плата **може да поднесе**:

- ✓ **Непосредно претпоставениот административен службеник,**
- ✓ **Раководниот административен службеник,**
- ✓ **Секретарот и**
- ✓ **Раководното лице на буџетскиот корисник утврден во оваа уредба.**

Предлогот се поднесува до секретарот, односно до раководното лице на буџетскиот корисник, во кој не се назначува секретар на посебен **Образец** (***даден во продолжение од текстот како Прилог).***

Раководното лице на буџетскиот корисник, одлучува по предлогот, при што додатокот на плата се утврдува **за најмногу 30% од вработените во буџетскиот корисник**.

Раководното лице на буџетскиот корисник, одлучува по предлогот, **со решение** со кое се утврдува **временскиот период,** за кој се утврдува правото на додаток на плата и **висината**

**на износот на додатокот** на плата, изразен во проценти, поединечно по вработен во буџетскиот корисник **или** донесува **решение со кое се отфрла предлогот** за остварување на правото на додаток на плата.

**ПРИЛОГ**

Врз основа на член 7 став 1 од Уредбата за утврдување на буџетските корисници од Централна власт, поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во Буџетските корисници на Центалната власт објавена во ("Службен весник на РС Македонија" 180/2021), во својство на непосредно претпоставен административен службеник/раководен административен службеник/секретар/раководно лице на институцијата, поднесувам:

**Предлог**
**за остварување на правото на додаток на плата**

за вработениот____________________________распореден на работно место во сектор_________________________________
одделение_____________________________________со звање
_________________________________________________________.

Додатокот на плата за вработениот и висината на истиот се предлага по основ на следниот критериум:

_________________________________________________________

_________________________________________________________

Образложение на Предлогот

_________________________________________________________

Овој предлог го поднесувам до секретарот/ раководното лице на инститиуцијата ________________________________________

_________________________________________________________

**ПОДНОСИТЕЛ НА ПРЕДЛОГ**

__________________________
/име, презиме и потпис/

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

*М-р. Христина Игнатоска*

## *ЗАКОН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТА НА СТРАНЦИ*

***На 16 јули 2021 година, донесени се измени на Законот за вработување и работа на странци („Службен весник на РС Македонија" 163/21), со цел побрза и попродуктивна работа на институциите, во однос на пријавувањето на странци кои работат во РСМ.***

### *ВОВЕД*

Со Законот за вработување и работа на странци („Службен весник на РМ" 217/15...163/21), се уредуваат условите и начинот под кои странците може да се вработуваат и да работат во РС Македонија. Со Законот се утврдуваат основите на политиката за вработување и работа на странци, условите за издавање на работни дозволи, видовите на работни дозволи, како и постапката на издавање на работните дозволи.

Со Законот се уредуваат и условите за прекугранично давање на услуги од странски компании, преку упатување на работници во филијали и здруженија на странски компании во РС Македонија, како и сезонската работа на странци, работа од страна на странски претставници во компании и самовработување на странци во РС Македонија. Законот уредува и други прашања во врска со работата на странците, надзорот, евиденцијата, заштита на правата од работен однос и друго.

Законот за вработување и работа на странци („Службен весник на РМ” 217/15...163/21) ги уредува условите и постапката под кои странците можат да се вработуваат или да работат во РМ, освен ако со ратификуван меѓународен договор, поинаку не е утврдено.

Странец е лице кое не е државјанин на Република Македонија, како и лице без државјанство, односно лице кое ниедна држава по сила на својот закон, не го смета за свој државјанин;

Странец се смета како вработено лице во Република Македонија, кога врз основа на договор за вработување ќе заснова работен однос кај работодавач, чие седиште или место на живеење е во Република Македонија или кога ќе стекне статус на самовработено лице, согласно со законот.

Услугите обезбедени од странци и другите облици на работа, кои ги извршуваат странци врз основа на договори за работа или други договори, согласно со граѓанското право, а кои се спроведуваат на територијата на Република Македонија за ограничен временски период, се сметаат за работа извршена од страна на странци.

## *1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ*

Странците кои согласно со одредбите од законот можат да се вработат, самовработат или да работат во РМ, задолжително треба да поседуваат **дозвола за привремен престој** заради работа, издадена од Министерството за внатрешни работи или дозвола за работа издадена од Агенцијата за вработување на Република Македонија и регулиран престој по друг основ во РМ. Во постапката за стекнување на дозвола за привремен престој заради работа, согласно со закон, Агенцијата за вработување на Република Македонија издава мислење врз основ на искористеноста на квотата и моменталните потреби на пазарот на труд во Република Македонија. Лицето задолжено да ја регистрира нивната работа, треба да ја регистрира како работа на странец, согласно со одредбите од законот.

Во определени случаи утврдени со законот, е дозволено давање на услуги од страна на странци врз основа на **потврда за регистрација на работа**.

Потврдата за регистрација на работата на пропишан образец е документ кој ја потврдува законитоста на работата, која ја вршат странците во државата.

Договор за вработување или за работа, склучен меѓу работодавач и странец, кој не поседува дозвола за привремен престој, заради работа или работна дозвола и регулиран престој на странецот, ќе се смета за ништовен.

При вработување на странец, работодавачот не смее барателот на вработувањето да го стави во нееднаква положба заради расата, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидноста, религиозното, политичкото или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статусот на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности. Забраната на директна или индиректна дискриминација во овие случаи, се однесува на дискриминација на кандидатот за вработување и работникот, согласно со Законот за работните односи.

## *2. НОВИ ИЗМЕНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТА НА СТРАНЦИ*

Со новите измени во Законот за вработување и работа на странци донесени во „Службен весник на РСМ" 163/21, се постигна олеснување на постапките за краткотраен работен ангажман на странците, подобрување на мобилноста на странците, кои се вработени во македонски компании. Воедно се доуреди и начинот на пријавување на работниот ангажман на странци по електронски пат, како и допрецизирање на подзаконските акти кои произлегуваат од законот .

Со измените направени се промени во членот 7, кој поопширно ги утврдува и пропишува работните дозволи за странците.

Работна дозвола е документ врз основа на кој домашниот или странскиот работодавач склучува договор за вработување со странец, согласно со одредбите од законот. Работна дозвола се издава за определен временски период до една година или на неопределено време. На странецот може да му се издаде само една работна дозвола, за ист временски период.

Промените се најмногу во делот кој пропишува за начинот на одземање на работната дозвола, со што се пропишува дека работната дозвола на странецот ќе му биде одземена и поништена, ако:

1) дозволата на странецот за привремен или постојан престој престанала согласно со закон;

2) странецот врши друга работа, освен онаа за која работната дозвола е издадена.

Одредбите член 4 не се применуваат за странци, кои во периодот на важноста на дозволата за престој, ќе бидат работно ангажирани кај ист работодавач на друго работно место на иста или повисока работна позиција од претходната.

За издавање на работна дозвола  на соодветен образец, се поднесува барање во Агенцијата за вработување на РС Македонија или во нејзините надлежени подрачни служби.

Ако работодавачот заради некоја причина не успее да го заснова работниот однос во рокот или го прекине работниот однос со странецот, пред истекот на важноста на работната дозвола, должен е во **рок од 30 дена** од престанокот на вршење на дејноста, односно од незаснoвањето на работниот однос, да ја врати работната дозвола, на органот кој ја издал дозволата. Самовработените лица, кои престанале да ја вршат дејноста, пред истекот на важноста на работната дозвола, должни се истата да ја вратат, во рок од 30 дена, од престанокот на вршење на дејноста.

Агенцијата за вработување, донесува решение за издавање на работните дозволи и продолжување на работните дозволи, утврдени со законот. Решението се донесува во рок од **пет работни дена** од денот на поднесувањето на барањето со потребната документација.

Против решението на Агенцијата за вработување, како првостепен орган, со кое се одбива барањето на странецот за работна дозвола, странецот има право на жалба, во **рок од осум дена,** од денот на приемот на решението до министерството за труд и социјална политика.

Во случај кога ќе се утврди дека постојат условите за одземање на работната дозвола, Агенцијата за вработување донесува решение за одземање на работната дозвола, **во рок од три дена** од денот на дознавањето за постоење на условите.

Против решението на Агенцијата за вработување, странецот има право на жалба **во рок од осум дена** од денот на приемот на решението, до Министерството за труд и социјална политика.

### *2.1. Постапка за издавање на работна дозвола*

Барање може да поднесе странец кој го има регулирано престојот во државата по друг основ, во Агенцијата за вработување или во други простории определени од Агенцијата за вработување. Барањето содржи податоци за странецот, неговата квалификациона структура (специјалноста на работникот) и податоци за кој вид на работа сака да се ангажира.

За барање поднесено до Агенцијата за вработување не е потребно да се обезбеди мислење од Министерството за внатрешни работи, доколку странецот претходно го има регулирано својот престој во Република Македонија, по друг ос-нов.

### *2.2. Работна дозвола*

Работна дозвола која се издава за определен временски период до една година е обновлив или постојан облик на работна дозвола, која во текот на својата важност му овозможува на странецот, слободен пристап до пазарот на трудот.

Барање за добивање на работна дозвола, може да се поднесе од страна на странец, кој ги исполнува условите, утврдени во законот и од страна на азилант.

Работна дозвола се издава на:

1) член на потесното семејството на државјани на Република Македонија, кој поседува важечка дозвола за привремен престој, заради работа;

2) член на потесното семејството на странец, кој поседува работна дозвола за неодреден временски период;

3) странец кој по потекло е од Република Македонија или негов наследник до трето колено, кој нема македонско државјанство;

4) странец кој престојува во Република Македонија, врз основ на дозвола за привремен престој заради работа, за семејно обединување;

5) странец барател на правото на азил, на кој барањето за признавање на правото на азил не му е решено, во период од една година, по истекот на периодот од една година (дозволата за работа се издава на три месеци, со можност за продолжување);

6) странец со признат статус на бегалец;

7) странец под супсидијарна заштита и

8) странец под привремена заштита.

Работна дозвола се издава на жртви на трговија со луѓе кои имаат стекнато дозвола за привремен престој заради работа поради хуманитарни причини за временскиот период на валидноста на дозволата за привремен престој.

Доколку на странците им престане работниот однос не по нивна вина, можат да се заведат во евиденцијата на невработени лица во Агенцијата за вработување.

Членови на потесно семејство, на државјанин на Република Македонија, согласно со законот се:

1) брачен другар;

2) деца на возраст до 18 години, кои не се во брак;

3) деца на брачниот другар на возраст до 18 година, кои не се во брак;

4) деца над 18 години, кои не се во брак и нивните родители кои државјанин на Република Македонија е должен да ги издржува, согласно со законот на државата чиј жител е;

5) деца над 18 години, кои не се во брак и родители на брачниот другар, кои брачен другар на државјанин на Република Македонија е должен да ги издржува, согласно со законот на државата, чиј државјанин е и

6) родители на државјани на Република Македонија, до 18 годишна возраст.

Членови на потесно семејство на странецот, ќе се сметаат:

1) брачен другар;

2) малолетни деца на возраст до 18 години на странецот, кои не се во брак;

3) малолетни деца на возраст до 18 години на брачниот другар, кои не се во брак;

4) родители на малолетен странец и

5) возрасни деца кои не се во брак и родители на странецот или брачен другар, кои странецот или брачниот другар е одговорен да ги издржува, согласно со законот на државата, чиј државјанин е.

Барање за работна дозвола со важност за неодредено време може да се поднесе од страна на странец, кој поседува дозвола за постојан престој во Република Македонија и лице со признат статус на бегалец.

Лицата кои имаат обврска да го регистрираат почетокот и престанокот на работата, вршена од странци се работодавачите, кои засноваат работен однос со странецот.

Работната дозвола, ќе престане да важи:

1) со истекот на рокот на важноста на работната дозвола;

2) со престанување на важноста на дозволата за престој;

3) ако странецот се откаже од својата работна дозвола;

4) ако странецот се стекне со државјанство на Република Македонија;

5) во случај на смрт на странецот.

### *2.3. Краткотрајни услуги кои се даваат од странци*

Со новите измени, направени се промени и во делот на краткотрајните услуги, кои се даваат од странците. Во тој дел е пропишано, во кои случаи не е потребна дозвола за работа на странецот и тоа:

1) кога услугите кои ги даваат странските работници кои се поврзани со набавка на стока и склопување на машини, средства и опрема, кога давателот на услуги дава воведни инструкции на персоналот на клиентот и кога услугите се придружени со демонтажа на машините, средствата и опремата;

2) кога за тоа е потребно давање на редовни услуги за одржување, доколку овие услуги се договорени со договорот за купување на машините, средствата или опремата и доколку тие се даваат од страна на работници, вработени кај производителот или од овластен правен субјект, од страна на производителот;

3) кога врз основа на договорот за набавка на машини, средства или опрема од странство, добавувачот е во обврска на свој сопствен трошок да ги утврди дефектите во машините, средствата или опремата која е набавена и

4) кога врз основа на соодветен акт за сервисирање и одржување на машини, средства или опрема, сервисерот има обврска на свој сопствен трошок да ги утврди и санира дефектите на машините, средствата или опремата која е предмет на договорот;

5) кога врз основа на соодветен акт за обука на работно место, странското правно лице е должно да изврши обука на одреден број работници, кај правното лице во РСМ;

6) кога врз основа на соодветен акт за реализација на краткотрајни услуги обезбедени од страна на странци, за кои услуги правното лице во РСМ, претходно има искажано потреба за работна сила до Агенцијата за вработување и за истата има добиено писмен одговор, не постар од шест месеци, дека потребната работна сила, не може да се обезбеди од домашниот пазар на труд.

Лицето кое е одговорно за регистрација на почетокот на работата на странецот, треба да биде локален клиент за кого странскиот работодавач и неговите работници или странецот како физичко лице, даваат услуги.

Услугите можат да се даваат неколку пати во текот на годината, врз основа на образец за регистрација на работата, но најмногу до 60 дена во една календарска година.

### *2.4. Регистрација на почетокот и завршувањето на работата која ја извршуваат странци*

Најголемата промени се извршени во членот 16 од законот, каде се објаснува постапката за регистрација на почетокот и завршувањето на работата, која ја извршуваат странците.

Регистрацијата на работата која ја извршуваат странци е задолжителен услов, кој важи за сите странци, кои врз основа на одредбите на законот се вработени или работат во РСМ. Лицата кои согласно со законот се одговорни за регистрирање на работата која ја извршуваат странци, задолжително треба да го регистрираат почетокот и завршувањето на работата, која ја извршуваат странците.

Лицето кое е одговорно за пријавувањето на почетокот на работата на странецот, пријавувањето може да го изврши покрај во Агенцијата за вработување и во надлежната подрачна служба на Агенцијата за вработување, која претходно ја има издадено

работната дозвола или мислењето и на чие подрачје, ќе се извршуваат работите.

Постапката за пријавување на работата на странец со кој се заснова работен однос, може да се изврши електронски, доколку работодавачот поседува дигитален сертификат.

Пријавување на почетокот на работа на странци, во случаи на засновање на работен однос, на кои им била издадена работна дозвола или дадено позитивно мислење, се врши со електронски образец М1/М2 отпечатен од системот на Агенцијата за вработување и образец за пријавување на работа на странец.

Лица се должни да извршат пријавување:

1. во рок од еден ден од почетокот на работата, во случаи на засновање на работен однос;

2. еден ден пред почетокот на извршување на работата, доколку не станува збор за засновање на работен однос со странец;

3. во рок од три дена, по пристигнувањето на странецот во земјата.

Доколку одговорното лице, во рок од 90 дена од денот на издавањето на работната дозвола, односно позитивното мислење за исполнетост на условите за издавање на дозвола за привремен престој на странец заради работа, не го пријави почетокот на работата на странецот, се смета дека со странецот не е заснован работен однос или склучен договор за работа, за што Агенцијата за вработување, го известува Министерството за внатрешни работи.

Агенцијата за вработување на лицето кое е одговорно за регистрирање на работата на странци, му издава образец во пропишана форма.

Лицето кое е одговорно за регистрирање задолжително треба да го чува образецот, во текот на целиот период на вршење на работата, во главното место на дејноста и во случај на теренска работа на градилиштето, каде што работи странецот. Кога регистрирање на работата се заснова на работна дозвола, лицето кое е одговорно да го чува образецот, за ист период за кој е одговорен да ги чува и другите пропишани документи.

Лицето кое е одговорно за регистрирање на работата која ја извршуваат странците е должно да го даде на увид образецот за регистрирање на работата, по барање на надзорен орган. Доколку лицето не го изврши тоа, ќе се смета дека истото не поседува таков образец.

Во случај да се изгуби образецот за пријава на работата, Агенцијата за вработување ќе му издаде на лицето одговорно за регистрирање, дупликат на истиот.

Лицето кое е одговорно за регистрирање на работата на странец, е должно да го регистрира завршувањето на работата, во рок од 30 дена од настанувањето на основот за престанок на работата и да го пријави престанокот на работата на странецот, кај истата служба на Агенцијата за вработување, кај која било извршено пријавувањето.

Одговорното лице, врши одјава на работата на странецот на истиот образец, на кој било извршено пријавувањето на работата на странецот.

Одговорното лице е должно да изврши одјава на работата на странецот, најдоцна во рок од три дена по престанокот на работата на странецот. На одговорното лице, Агенцијата за вработување му издава потврда за одјава на работата на странецот.

Министерот надлежен за работите од областа на трудот го пропишува начинот за регистрирање и завршување на работата која ја вршат странците, доказите кои се приложуваат кон барањето, како и размената на податоци од посебни регистрации, меѓу посебни органи и услуги.

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

дипл.економист Јулија Минковска

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ АВГУСТ 2021 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2021 година (за даноци и придонеси) | 41.141,00 |
| НАЈНИСКА основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата исплатена во РМ за 2021 година за образец (МПИН) | 20.571,00 |
| НАЈВИСОКА основица за пресметка на придонеси (16 просечни бруто плти (16 x 41.141 ) | 658.256,00 |
| <u>Даночно МЕСЕЧНО намалување за 2021 година</u> | <u>8.438,00</u> |
| Дневница за службени патувања <u>од 20.08.2021</u> | 2.291,00 |
| Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2020 година | 27.182,00 |
| Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2020 година | 40.566,00 |

### *1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА / 2021 ГОДИНА*

Просечо исплатена месечна ***БРУТО*** плата по работник во РС Македонија, за ***2021*** година изнесува:

| |
|---|
| ***41.141,00 денари*** |

Просечната плата се користи за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување и тоа за пресметките за плата, кои се однесуваат за период ***ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2021 година.***

## *2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08...171/17; 35/18; 247/18), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување за тековната година, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во РС Македонија, ***објавена во Јануари во тековната година***, според податоците на ДЗС, **која за *2021* година, изнесува:**

| |
|---|
| ***20.571,00 денари (41.141,00 x 50%)*** |

### *2.1. Најниска основица за самовработени лица*

| |
|---|
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на самостојна економска дејност (таксисти, занаетчии)*** <br> ***20.571,00 денари*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА*** **– вршител на професионална и друга интелектуална дејност (*адвокати, нотари, извршители)*** <br> ***41.141,00 денари*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители) до истекот на првата година на отпочнување на дејност:*** <br> ***20.571,00 денари*** |

## *3. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати,*** кој износ ***за 2021 година***, изнесува:

***658.256,00 денари (16 x 41.141,00 денари).***

***3.1. Највисока основица за самовработени лица***

| |
|---|
| ***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од *(12) дванаесет просечни плати.* |
| ***493.692,00 денари (12 х 41.141,00 денари)*** |

***3.2. Највисока основица за извршен член на одбор на директори, Член на управен одбор, односно управител во трговско друштво***

| |
|---|
| ***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен од-бор во трговско друштво, односно управител во трговско друш-тво, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати, кој **за 2021 година**, изнесува. |
| ***658.256,00 денари (16 х 41.141,00 денари).*** |

***3.3. Највисока основица за лице корисник на паричен надоместок, за време на привремена невработеност***

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност, ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

***32.913,00 денари (41.141,00 денари х 80%).***

| |
|---|
| ***НАПОМЕНА: На износот повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, само на разликата до највисоката основица се пресметува Данок на доход.*** |

## 4. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ

| ПРИДОНЕСИ | Стапка | Најнизок износ | Највисок износ |
|---|---|---|---|
| Придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за месец ***АВГУСТ/2021 година,*** по вработен | 18,8% | ***3.867,00*** | ***123.752,00*** |
| Придонесот за здравствено осигурување за месец ***АВГУСТ/2021 го-дина***, по вработен | 7,5% | ***1.543,00*** | ***49.369,00*** |
| Придонесот за вработување за месец ***АВГУСТ/2021 година***, по вра-ботен | 1,2% | ***247,00*** | ***7.899,00*** |
| Придонесот за професионално заболување за месец ***АВГУСТ/2021 година,*** по вработен. | 0,5% | ***103,00*** | ***3.291,00*** |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | **28%** | ***5.760,00*** | ***184.311,00*** |

## 5. МИНИМАЛНА ПЛАТА

Согласно Законот за минималната плата во РМ (“Службен весник на РМ” 24/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 202/19; 239/19; 88/20), висината на минималната плата во Република Македонија:

| Р.бр | Период на важност | Нето | Бруто | Сл. Весник на РСМ |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **01.01.2020 - 31.03.2020** | **14.500,00** | **21.107,00** | **239/2019 Закон** |
| **2.** | **01.04.2020 – 30.06.2020** | **14.500,00** | **21.107,00** | **88/2020 Уредеба** |
| **2.** | **01.07.2020 - 31.03.2021** | **14.934,00** | **21.776,00** | **75/2020 Објава** |
| **3.** | **01.04.2021 - 31.03.2021** | **15.194,00** | **22.146,00** | **80/2021 Објава** |

## *6. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

### *6.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход (од 01.01.2021 до 31.12.2021 година)*

Согласно член 11 од Законот за данок на личен доход („Службен весник на РМ" 241/2018; 275/19; 290/20, 85/21), данокот на личен доход за данок од работа, се плаќа со примена на две даночни стапки согласно даночната основа и тоа:

- ***Пропишана стапка во износ од 10% или***
- ***Пресметана стапка од 11,1111%.***

### *6.2. Даночно намалување*

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2021*** година, на месечно и годишно ниво, изнесува:

| ***Период*** | ***2021 година*** |
|---|---|
| ***Месечно*** | ***8.438,00*** |
| ***Годишно*** | ***101.256,00 (8.438 x 12)*** |

## *7. ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ*

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ" 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15), Министерството за труд и социјална политика, објавува:

1.Трошоците за живот за месец ***ЈУНИ/2021*** година во однос на месец ***МАЈ/2021*** година ***се ПОВИСОКИ за (0,5%).***

2. Право на пораст на платите за месец ***ЈУНИ/2021*** во однос на месец ***МАЈ/2021 година***, изнесува ***(0,25%).***

***8. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ***

Работните часови за месец ***АВГУСТ/2021*** година, изнесуваат: ***176 часа.***

***9. ПРОСЕЧНА БРУТО ПЛАТА***

***9.1. Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за месец (VI) а се однесува за месец АВГУСТ/2021 година, изнесува:***

***42.950,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.21.74 од 20.08.2021).***

***9.2. Просечна исплатена месечна БРУТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (IV-V-VI/2021 година),*** а се однесува месец ***АВГУСТ/2021 година изнесува:***

***42.770,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.21.73 од 20.08.2021).***

***10. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА***

***10.1. Надоместоци од плата за ОПШТЕСТВЕНИ И МЕШОВИТИ правни лица со повеќе од 49% општествен капитал***

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(VI) а се однесува за месец АВГУСТ/2021 година*** изнесува:

***28.744,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.21.73 од 20.08.2021).***

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно ***ОСНОВИЦАТА од 28.744,00 денари:***

**За ОПШТЕСТВЕНИ правни лица**

| |
|---|
| **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР**<br>***17.246,00 денари***<br>**(60% од основицата )**<br>***(28.744,00 х 60%)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход 11,1111%*** |
| **ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА**<br>***57.488,00 денари***<br>**(двократен износ од основицата)**<br>***(2 х 28.744,00):***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 57.488,00 денари*** |
| **ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО:**<br>***17.246,00 денари***<br>***(60% од основицата)***<br>***(28.744,00 х 60%)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 17.246,00 денари*** |

***10.2. Надоместоци од плата за ПРИВАТЕН СЕКТОР***

Просечна исплатена месечна ***НЕТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(IV-V-VI/2021 година)*** а се однесува за месец ***АВГУСТ/2021 година изнесува:***

## *28.635,00 денари*

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.21.73 од 20.08.2021).***

Износот ***28.635,00 денари*** претставува ***ОСНОВИЦА*** за пресметување на следните надоместоци **за *ПРИВАТНИ правни лица:***

## *РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*

**Регрес за годишен одмор (**Согласно член 35 став 7 од ОКДПС, Регресот за годишен одмор се исплатува во висина од ***најмалку 40%*** од основицата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година, кај ист работодавач):

- ***НАЈНИЗОК износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец АВГУСТ/2021 година изнесува:***
  ***11.454,00 денари во НЕТО износ***
  ***(28.635,00 x 40%)***
- ***НАЈВИСОК износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец АВГУСТ/2021 година во висина на основицата:***
  ***28.635,00 денари во НЕТО износ***

***ДАНОЧНО ПРИЗНАТ РАСХОД ВО ДАНОЧЕН БИЛАНС***

***34.360,00 денари-БРУТО* износ *(42.950 x 80%)***

(***80%*** *од просечна месечна БРУТО плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата)*

***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА***

***57.270,00 денари***

**(*двократен износ од основицата (2 x 28.635)*

***Ослободен од Данок на личен доход до 57.270,00 ден.***

***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА***

***28.635,00 денари***

***(во висина на основицата), за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец***

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

***ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО***

***17.181,00 денари***

**60% од основицата – ( 60% од *28.635,00)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 17.181,00 ден.***

| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА***<br>***2.291,00 денари***<br>**(8% од основицата (8% од *28.635,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 2.291,00 ден.*** |
|---|

| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА***<br>***ВО СТРАНСТВО*** |
|---|
| ➢ ***50% од утврдената дневница***, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;<br>➢ ***20% од утврдената дневница,*** ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и<br>➢ ***5% од утврдената дневница,*** ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организиарани во странство на мултилатерална и билатерална основа. |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК***<br>***85.905,00 денари***<br>***во висина од ТРИ основици (3 х 28.635,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 85.905,00 ден.*** |

| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО***<br>***57.270,00 денари***<br>***во висина од ДВЕ основици (2 х 28.635,00 денари)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 57.270,00 денари.*** |
|---|
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ***<br>***28.635,00 денари***<br>***(во висина на основицата)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 28.635,00 ден.*** |

| |
|---|
| ***КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕНО ВОЗИЛО ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ***<br>(**во висина до 30%** од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар).<br>***Ослободено од Данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.*** |
| ***НАДОМЕСТ ПРИ СЕЛИДБА НА ВРАБОТЕН ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА РАБОТОДАВАЧОТ***<br>**(во висина на стварни трошоци)**<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |
| ***ТРОШОК ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИСХРАНА ЗА 2021***<br>***5.436,00 денари***<br>(во висина од *20% од* просечна нето плата, исплатена во претходната 2020 година *(27.182,00 x 20%)*<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход НАД 5.436,00 денари*** |

| |
|---|
| ***НЕПРЕКИНАТО БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ***<br>***(поради повреда на работа и професионално заболување)***<br>***28.635,00 денари***<br>Просечна месечна нето плата исплатена по работник во РСМ за последните три месеци<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |

## *11. НАЈВИСОК ИЗНОС НА НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ што го исплатува Фондот за здравствено осигурување*

| |
|---|
| Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурува-ње („Службен весник на РМ" 25/00...142/16; 171/17; 276/19), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се ис-плаќа на товар на ФЗО во 2021 година, изнесува ***ЧЕТИРИ про-сечни месечни нето плати*** исплатени во РМ во претходната 2020 година *(4 x 27.182,00 денари).* |
| ***108.728,00 денари*** |

## 12. НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА за 2021 ГОДИНА

Највисокиот износ на пензија според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2021 година, изнесува:

***57.992,00 денари***

## 13. РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА за уплатени придонеси за ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност како трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице, МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец ЈУЛИ/2021 година*** изнесува (***2 x 28.721,00 денари)***

***57.442,00 денари .***

## 14. МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК на членови на Органи на управување

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка ("Службен весник на РМ" 25/00...290/20), ***МЕСЕЧНИОТ*** надоместок на членовите на органи на управување се исплатува во ***висина од 50%*** од ***Просечната Бруто плата, исплатена во претходната 2020 година во РСМ во висина од:***

***(20.283,00 денари 50% од 40.566,00 денари)***

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

## 15. ТРОШОЦИ ПО ОСНОВ НА УПЛАТЕНИ ДОБРОВОЛНИ ПРИДОНЕСИ ВО ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

Трошоците по основ на уплатени доброволни при-донеси во доброволен пензиски фонд се утврдуваат ***во висина од износот од 2 просечни Месечни Бруто плати*** исплатени во претходната 2020 година, на годишно ниво по вработен, кои изнесуваат:

***81.132,00 денари***: ***(2 x 40.566,00)***

### *16. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ ПРИВАТЕН сектор*

Согласно член 31 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ” 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| До 15 дена | 70% од основицата |
| Над 15 дена, почнувајќи од првиот ден на боледувањето, за сите денови | 90% од основицата |
| Над 30 дена, кога боледувањето го плаќа работодавачот | 90% од основицата |

***ОСНОВИЦА*** просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

### *17. ИСПРАТНИНА ПРИ ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК*

1. Согласно член 97 од Законот за работни односи (“Служ-бен весник на РМ” 62/05...27/16; 120/18; 110/19; 267/20; 151/21) во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок)* работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина*** *во следните случаи:*

| Години поминати во работен однос | Висина на плата |
|---|---|
| До 5 години | Една плата |
| Од 5 до 10 години | Две и пол плати |
| Од 10 до 15 години | Три и пол плати |
| Од 15 до 20 години | Четири и пол плати |
| Од 20 до 25 години | Шест плати |
| Над 25 години | Седум плати |

| Испратнина за месец | Просечна нето плата по работник во претходниот месец | Најнизок износ на испратнина |
|---|---|---|
| **1** | **2** | **3 (2x50%)** |
| **Јануари** | **27.899,00** | **13.950,00** |
| **Февруари** | **27.588,00** | **13.794,00** |
| **Март** | **28.294,00** | **14.147,00** |
| **Април** | **28.272,00** | **14.136,00** |
| **Мај** | **27.948,00** | **13.974,00** |
| **Јуни** | **28.217,00** | **14.109,00** |
| **Јули** | **28.438,00** | **14.219,00** |
| **Август** | **28.721,00** | **14.361,00** |
| **Септември** | **28.744,00** | **14.361,00** |

**НАПОМЕНА 1:** Просечната нето плата на работникот во последните шест месеци пред отказот и истата ***да не биде помала од 50%*** од просечната нето плата исплатена по работник во РМ, во последниот месец пред отказот.

**НАПОМЕНА 2**: ***Работен однос, се смета*** времето поминато во работен однос ***кај ист работодавач и работниот однос кај претходниот работодавач,*** на кој поради настанатата статусна промена, правен следбеник е последниот работодавач.

**НАПОМЕНА 3**: Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

**НАПОМЕНА 4**: Не се пресметува и плаќа Данок на личен доход.

### *18. НАДОМЕСТОК ЗА ПРАКТИКАНСКА РАБОТА*

Согласно член 8 од Законот за Практиканство (Службен весник на РС Македонија, 98/19, 103/21), практикантот за време на практиканската работа кај работодавачот **има право на *МЕСЕЧЕН надоместок кој се исплаќа од страна на работодавачот.***

Висината на месечниот надоместок **се утврдува во НЕТО ИЗНОС за полно работно време** во зависност од времетраењето на периодот на практикантската работа и тоа:

**од 42% до 74% од МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА,** ***за практикантска работа ДО ТРИ месеци*****; и**

**Во висина на МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА** ***утврдена согласно со Закон, за практикантска работа НАД ТРИ месеци***, сметано **од четвртиот месец**.

**Минимална НЕТО плата 15.194,00 ДЕНАРИ**

**Се пресметува и плаќа:**

- **Придонес врз основа на инвалидност и телесно оште-тување, причинето со повреда на работа или профес-ионална болест од 4% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.**
- **Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на поврда на работа и професионално заболување од 0,5%. од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.**
- **Данок на личен доход во висина од 11,1111%**

### *19. НАДОМЕСТОК ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ*

Согласно член 12 став 1 точка 14 од Законот за данок на личен доход, данокот на доход, **не се плаќа за:**

**Надоместок за Практична обука на ученици и практична настава на студенти во висина најмногу до 8.000 денари месечно:**

***НАПОМЕНА: Во случај на исплата на надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти, над 8.000 денари се пресметува и плаќа Данок на доход во висина од 11,1111%.***

Согласно член 8 став 1 точка 1 од Законот за придонеси, ***учениците и студентите се обврзници за плаќање придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест за време на практична обука од 4%,***

## *20. ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ” 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа........................................... 35%***
- ***Работа ноќе............................................................. 35%***
- ***Работа во три смени .............................................. 5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор..........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж.**

## *21. НАДОМЕСТ ОД ПЛАТА ЗА ЈАВЕН СЕКТОР*

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2021 година (“Службен весник на РМ” 307/20), на буџетските корисници им се исплатуваат следните надоместоци:

| |
|---|
| ***НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО***<br>***8.591,00 денари***<br>(**30%** од просечна ***Месечна Нето плата*** исплатена во РМ во претходни три месеци) ***(30% x 28.635,00)***<br>***(Ослободен од Данок на личен доход до 8.591,00 денари*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК***<br>***30.000,00 денари***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 30.000,00 денари*** |

| |
|---|
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО***<br>***15.000,00 денари***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 15,000,00 денари*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА***<br>***(за најмалку 10 години работа кај ист работодавач)***<br>***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2020 година НЕ Е ПРОПИШАНА)*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА***<br>***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2021 година од 01.01.2021 година)***<br>***700,00 денари*** |
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА***<br>***57.488,00 денари (2 х 28.744,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 57.488,00 денареи*** |
| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР***<br>***(Согласно член 21 од Гранскиот Колективен договор за Органи на државна управа, Стручни служби на Влада на РМ, Судовите, Јавните обинителства, Казнено-поправните и вос-питно попр-авните установи, Државно право-брани-телство, општините, градорт и општините на гра-дот Скопје Агенциите, Фондовите и други органи осно-вано од Собраноето наРМ (службен весник на рм 51/20, 172/21),*** вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина **од најмалку**<br>**9.000,00 денари НЕТО,**<br>под услов вработениот **да работел најмалку шест (6) месеци во календарската година кај работодавачот.** |
| ***НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК***<br>***(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ за 2021 година, НЕ Е ПРОПИШАН).*** |

***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ***
***ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ***

Согласно член 14 од Законот за Извршување на Буџетот за 2021 година, во висина од една просечна месечна нето плата *(во Органот каде што е вработен).*
***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%)***

***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА СЕЛИДБА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТОДАВАЧОТ***

***(во висина на стварни направени трошоци).***
***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%)***

***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА ХРАНА И ПРЕВОЗ***
***ЗА ЛИЦА ВОЛОНТЕРИ за АВГУСТ/2021***

***6.085,00 денари (40.566,00 x 15%)***
***(во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2020 година***):
***Ослободен од Данок на личен доход до 6.085,00 денари***

***ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА***
***ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ за 2021 година***

***81,60 денари***

Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници ***(“Службен весник на РМ” 276/2019)***

***Просечна месечна БРУТО плата*** исплатена по вработен за ***Шифра 84***- Јавна управа и одбрана за ***ЈАВЕН СЕКТОР***) – за (задолжително социјално осигурување) за **VI***/2021* година а се однесува за месец ***АВГУСТ****/2021* година изнесува*:*

***23.757,00***

***(50% од 47.514,00)***

***21.1. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ за ЈАВЕН сектор***

Согласно член 20 од Општиот колективен договор за јавен сектор на РС Македонија, работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на рабо-тодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| **До 7 дена**<br>**До 15 дена**<br>**Од 15 до 21 ден** | **70% од основицата**<br>**80% од основицата**<br>**90% од основицата** |
| **за професионално заболување и повреда на работа, давање крв и бременост и раѓање** | **100% од основицата** |

***ОСНОВИЦА:П***росечна ***исплатена нето плата на работникот во последните 3 месеци.***

***21.2. Додатоци на плата ЈАВЕН СЕКТОР***

Согласно член 17 од Општиот Колективен договор за **јавен сектор** на РМ („Службен весник на РМ" 10/08; 88/08; 122/08; 85/09), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа...........................................29%***
- ***Работа ноќе..............................................................29%***
- ***Работа во три смени ...............................................4%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................29%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа ***зголемена за 42%.***

***Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.***

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

**Основната плата на работникот се зго-лемува за 0,5% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.**

## *22. ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТА ЗА 2021 ГОДИНА*

### *22.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА во висина од 15.194,00 ВО НЕТО ИЗНОС*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **15.194,00** |
| 2. Даночно намалување за 2021 година | 8.438,00 |
| 3. Основица за данок на доход (1 - 2) | 6.756,00 |
| **4. Данок на доход со 10% (3 x 11,1111%)** | **751,00** |
| **5. Бруто плата 1 (1 + 4)** | **15.945,00** |
| **6. БРУТО ПЛАТА II (15.945 x 1,3889)** | **22.146,00** |
| 7. Придонес за задолжително ПИО (6 x 18,8%) | 4.163,00 |
| 8. Придонес за здравствено осигурување (6 x 7,5%) | 1.661,00 |
| 9. Придонес за вработување (6 x 1,2%) | 266,00 |
| 10. Придонес за дополнително (6 x 0,5%) | 111,00 |
| 11. **Вкупно придонеси (7 +8 + 9 +10)** | **6.201,00** |
| 12. Бруто плата намалена за придонеси (6 - 11) | 15.945,00 |
| 13. Даночно намалување за 2021 година | 8438,00 |
| 14. Основица за данок на доход (12 - 13) | 7.507,00 |
| **15. Данок на доход од 10% (14 x 10%)** | **751,00** |
| **16. НЕТО ПЛАТА (6 - 11- 15)** | **15.194,00** |

### *22.2. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА во висина од 22.146,00 ВО БРУТО ИЗНОС*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **22.146,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 4.163,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.661,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 266,00 |
| 5. Придонес за дополнително (1 x 0,5%) | 111,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 +3 + 4 +5)** | **6.201,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 15.945,00 |
| 8. Даночно намалување за 2021 година | 8.438,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7– 8 ) | 7.507,00 |
| **10. Данок на доход од 10% (9 x 10%)** | **751,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 - 6 - 10)** | **15.194,00** |

### *22.3. Пресметка на личен доход од работа која претставува НАЈНИСКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ во висина од 20.571,00 денари во (БРУТО ИЗНОС)*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **20.571,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 3.867,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.543,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 247,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 103,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **5.760,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 14.811,00 |
| 8. Даночно намалување за 2021 година | 8.438,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 6.373,00 |
| **10. Данок на доход од 10% (10 x 10%)** | **637,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **14.174,00** |

**КНИЖЕЊЕ:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Плата и надоместоци од плата | 20.571,00 | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | | 20.571,00 |
| ***- (вкалкулирана бруто плата),*** | | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | 20.571,00 | |
| 2430 – Обврска за нето плата | | 14.174,00 |
| 2340 – Данок од плата | | 637,00 |
| 2347 – Придонеси од плата | | 5.760,00 |
| ***- (за пресметана плата, даноци и придонеси),*** | | |
| 2430 – Обврски за нето плата | 14.174,00 | |
| 2340 – Данок од плата | 637,00 | |
| 2347 – Придонеси од плата | 5.760,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 20.571,00 |
| ***- (исплатена бруто плата).*** | | |

### *22.4. Пресметка на Плата која претставува НАЈВИСОКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ во висина од 427.394,00 денари (НЕТО ИЗНОС) и 658.256,00 денари во (БРУТО ИЗНОС)*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **427.394,00** |
| 2. Даночно намалување за 2021 година | 8.438,00 |
| 3. Основица за данок на доход (1 - 2) | 418.956,00 |
| **4. Данок на доход со 10% (3 x 11,1111%)** | **46.55100** |
| **5. Бруто плата 1 (1 + 4)** | **473.945,00** |
| **6. БРУТО ПЛАТА II (473.945x 1,3889)** | **658.256,00** |
| 7. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 123.752,00 |
| 8. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 49.369,00 |
| 9. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 7.899,00 |
| 10. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 3.291,00 |
| **11. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **184.311,00** |
| 12. Бруто плата намалена за придонеси (6 – 11) | 473.945,00 |
| 13. Даночно намалување за 2021 година | 8.438,00 |
| 14. Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 465.507,00 |
| **15. Данок на доход од (9 x 10%)** | **46.551,00** |
| **16. Нето плата (6 – 11– 15)** | **427.394,00** |

### *22.5. Пресметка на Личен доход од работа на основица ПОВИСОКА од НАЈВИСОКА основица за пресметка на даноци и придонеси во висина од 700.000,00 денари (БРУТО ОЗНОС)*

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **700.000,00** |
| 2. Вкупно придонеси за највисок износ | 184.311,00 |
| **3. Намалување на платата за придонеси (1 – 2)** | **515.689,00** |
| 4. Даночно намалување за 2021 година | 8.438,00 |
| 5. Основица за данок (3 – 4) | 507.251,00 |
